магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници

Година 1 Број 7
Септември 2022 г.

Цена 150 ден.




МЕГАИНТЕРВЈУ

## КРЕШНИК БЕКТЕШИ

Министер за економија

„*Туризмот е значаен фактор за македонската економија*

ТЕМА

**Туризмот на колена: им се заканува клуч на хотелите и на фирмите**

РЕПОРТАЖА

**БЕРОВО - Швајцарија на Балканот**

КОМПАРАЦИЈА

**Инфлацијата - непријател број еден за сите граѓани**


ISSN 2671-3934

5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** — 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Крешник БЕКТЕШИ,** министер за економија — 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Информатичката индустрија е најперспективна гранка во нашето општество** — 8



КОЛУМНА: **Проф. д-р Јулијана АНГЕЛОВСКА „Влијанието на општествените фактори врз МБИ10“** — 12



ТЕМА: **Стопанството пред колапс** — 18



МОЈА ОПШТИНА: **ОрцеЃОРГИЕВСКИ,** градоначалник на Општина Кисела Вода — 26



РЕПОРТАЖА: **Берово - Швајцарија на Балканот** — 34



ДУРБИН: **Кратки вести и информации** — 42



ТУРИЗАМ: **Им се заканува клуч на хотелите и на фирмите** — 46



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со амбасадорката на Црна Гора** — 50



КОМПАРАЦИЈА: **Инфлацијата непријател број еден за сите граѓани** — 56

# WORLD TOURISM DAY 2022

# RETHINKING TOURISM 27 SEPTEMBER



Тимот на Универзитетот за туризам и менаџмент Ви го честита Светскиот ден на туризмот!

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ СКОПЈЕ

UNWTO AFFILIATEMEMBERS

UNWTO CERTIFIED tedQual



Професори и студенти од УТМС, заедно со менаџерскиот тим на хотелот Мериот, и професори и ученици од СУГС „Лазар Танев" го одбележаа заедно Светскиот ден на туризмот во хотелот Мериот, Скопје.




Лидери од јавниот и приватниот сектор, заедно со најголем број Министерства за туризам досега во историјата, го одбележаа Светскиот ден на туризмот на Бали, Индонезија.



# Одблиску со главниот уредник

## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# НАРОДОТ НЕМА ПАРИ ЗА ЛЕБ, НО ФУНКЦИОНЕРИТЕ ЌЕ ЈАДАТ ОКТОПОД!

*Инфлацијата го изеде стандардот на граѓаните. Поскапе живејачката, од ден на ден граѓаните едвај врзуваат крај со крај. Власта бара сите да штедат, ама таа се луксузира со морски плодови.*

*Среде криза троши милионски суми за набавка на морски плодови.*

*Фактот што Македонија има највисока инфлација во регионот покажува дека кај нас нешто „не штима“, односно дека Владата не се снајде во определувањето на мерките.*

*Кога цените на берзите растеа, таа ги ограничи крајните цени на производите, а со оглед на тоа дека сме увозно зависни, мерката се покажа како лоша. Сега, кога цените на храната на берзите се намалуваат, само за мал дел производи има ограничена маржа. Во таков амбиент, некои производители и трговци со храна најдоа „село без кучиња“.*

*И гладни и смрзнати во време кога зимата тропа на врата, кај нас сè уште не се знае кој ќе ги грее скопјани. Иако граѓаните цела година плаќаат парно, а од август нивните сметки се повисоки, зимава може да останат без топлина во своите домови. Владата уверува парно ќе има, но не кажува кој ќе ги грее скопјани.*

*И додека во Македонија има само декларативни заложби за помош, земјите членки на Унијата сериозно ја сфатија енергетската криза и побрзаа да им помогнат на граѓаните. Сепак, дури ниту ова не го спречи незадоволството, па масовни демонстрации имаше во повеќе градови во Германија и во Чешка.*

*Владата мора да си најде начин како да ја заузди инфлацијата. Тоа не е едноставна формула. Треба да им помогне и на земјоделците и на компаниите. Институциите се платени да носат соодветни економски политики од кои ќе бидат задоволни сите – и земјоделците, и компаниите, и граѓаните, а кризните периоди се само тест за тоа што знаеле односно што не знаеле да направат.*



# МЕГАИНТЕРВЈУ
## КРЕШНИК БЕКТЕШИ
Министер за економија

# БЕКТЕШИ: ТУРИЗМОТ Е ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

**Тешка зима го очекува целиот свет, па и нас, вели министерот за економија Крешник Бектеши во ексклузивното интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Сепак, тој смирува дека властите во земјава ќе најдат начин и решение како да се пребroди претстојниот период на тешки економски и енергетски искушенија.**

**На 27 септември светот го одбележа Меѓународниот ден на туризмот. Туризмот претставува еден од најбрзо растечките економски сектори во светот, кој има континуиран раст последниве децении. Каде е Македонија на светската туристичка мапа?**

Во нашата земја туризмот станува една од гранките што дава значаен придонес во развојот на економијата. Ако се изземе периодот на пандемијата со Ковид-19, се забележува дека и ние, како и другите земји во светски рамки, имаме континуиран раст на бројот на туристи и ноќевања. Ова година, според истражување на Светската туристичка организација, Македонија за 2021 година е на 5. место со најголем раст на бројот на странски туристи во споредба со 2020 година.

**Какви механизми и политики креира државата за да создаде одржлив развој на туризмот?**

Владата како и Министерството за економија секогаш се во функција на создавање поволни услови за секторот. Министерството за економија преку свои програми за развој на

туризмот ги имплементира мерките планирани за соодветната година, преку кои се дава поддршка за приватниот сектор, креира политики за развој, развива стратешки документи и сл.

**Колку е туризмот значаен фактор во развојот на македонската економија?**

Туризмот претставува значаен фактор од причина што кај нас, а исто така и во светски рамки, на туризмот се гледа како на индустрија што зазема сè повисоко место во економијата. Согласно податоците на Народната банка, учеството на туризмот изнесува 3% во БДП. Уште позначајно е што континуирано се зголемува и стапката на вработеност во оваа стопанска гранка.



**Што може да се направи според Вас за поголема промоција на македонскиот туризам и како да се привлечат повеќе странски туристи во земјава?**

Министерство за економија во соработка со Агенцијата за промоција и за поддршка на туризмот постојано го промовира македонскиот туризам на меѓународни саеми за туризам, туристички берзи, форуми, организирани средби и состаноци со Светска туристичка организација. Значајни мерки што ги презема Владата за привлекување поголем број странски туристи се: субвенционирање странски организиран туристички промет, субвенционирање авиолетови, воведување нови авионски линии и подобрување на квалитетот на услугата во угостителските објекти.

**Со колкави средства и на кој начин се поддржува туристичкиот сектор? Дали субвенциите во туризмот даваат резултати?**

Туристичкиот сектор се поддржува преку годишната Програма за развој на туризмот и преку Програмата за промоција и за поддршка на туризмот. Во Програма за развој за оваа година се обезбедени средства во износ 23.500.000,00 денари за различни мерки и активности, како што се финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот, субвенции за туристички цели на селски домаќинства, поддршка на активниот туризам и други мерки. Секако, како најважни ќе ги истакнеме субвенционирањето странски организиран туристички промети и субвенционирањето авиолетови.

**Дали ќе се менува начинот на делење субвенции во туризмот?**

Субвенционирањето странски организиран туристички промет и субвенционирањето на авионските летови на нискотарифните компании се покажаа како добри мерки за привлекување странски туристи. Ако се јави потреба, може да се менува во одреден дел начинот на доделување субвенции во туризмот. За време на пандемијата беше направен нов модел на субвенции фокусиран врз домашниот туризам, кој даде видливи резултати, што значи дека и во иднина, ако се утврди дека треба да се смени моделот, ние сме спремни да го направиме тоа.

**Туристичкиот и угостителскиот сектор претрпеа најголема штета за време на кризата со Ковид-19. Годинава, кога се чинеше дека овие сектори полека ќе се вратат на вообичаениот начин на работа, повторно се соочени со проблеми предизвикани од економската криза. Што преземате Владата и вие како надлежно министерство за да се преброди оваа состојба?**

Туристичкиот и угостителскиот сектор за време на пандемијата беа максимално поддржани во рамките на планираниот буџет за поддршка, со сет мерки што ги донесе Владата со цел да овозможи одржување на ликвидноста на компаниите и зачувување на работите места. Министерството за економија во своите две програми за поддршка на туризмот за 2020 година го поддржа приватниот сектор со буџет од вкупно 459.650.000 денари за следните мерки:

- Враќање на уплатена такса за привремен престој за 2019 година на сите категоризирани угостителски објекти (на 4740 субјекти што



**Крешник Бектеши,**
Министер за економија



организирале ноќевања во 2019 година им беа вратени 2 милиони евра).

- Грантови за лиценцирани туристички агенции (1,9 милиони евра за грантови од 3.000 до 7.000 евра за сите туристички агенции, во зависност од бројот на вработени и од вкупниот промет во 2019 година, како и во зависност од тоа дали се носители на А- или на Б-лиценца.

- Грантови за лиценцирани туристички водичи – поддршка со плати за туристичките водичи (на 150 регистрирани туристички водичи за месеците октомври, ноември и декември им се исплати минимална бруто плата во висина од 21.776 денари во вредност до 160.000 евра).

- Грантови за ресторани и свадби – дадена е поддршка за сите регистрирани и лиценцирани субјекти за оваа дејност во вкупна вредност од 1 милион евра. Грантовите одделно се во висина од 3.000 до 10.000 евра во зависност од остварениот промет во 2019 година.

- Грантови за игротеки – предвиден буџет за 1.000 игротеки, обезбедени беа грантови во висина од 1.000 до 5.000 евра во зависност од остварениот промет во 2019 година.

- Ваучери за туризам за 2020 година – издадени 117.300 ваучери во вредност од 6.000 денари.

- Ваучери за туризам за 2021 година – издадени 3.080 ваучери во вредност од 12.000 денари.

**Дел од хотелиерите најавија дека поради економската и енергетската криза, од 1 ноември ќе ги затворат сместувачките капацитети, а нивните вработени ќе бидат на принуден одмор. Размислувате ли за мерки за да им помогнете на хотелиерите?**

Владата е активно вклучена во решавањето на енергетската криза, сите предлози се ставени на маса, па се надеваме дека како Влада ќе го најдеме најдобро решение за бизнисот и за граѓаните на РС Македонија.

**Македонија се соочува со економска и енергетска криза. Тоа е евидентно со последните покачувања на цените на производите, но и со цените на струјата на светските берзи. Нè очекува ли тешка зима?**

Тешка зима го очекува целиот свет, па и нас, но мислам дека ќе го најдеме најдоброто решение да се справиме со неа.

**Дали подготвува Владата нови мерки за спас на граѓаните од економската криза и во која форма би биле тие?**

Да, мерки се подготвуваат и ќе бидат објавени кога ќе бидат конечни.



**Илија Господинов,**
Претседател на МАСИТ



# ИНФОРМАТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА Е НАЈПЕРСПЕКТИВНА ГРАНКА ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО

**Државата мора стратешки да вложува во ИКТ-индустријата, вели првиот човек на МАСИТ, Илија Господинов во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент.**

**„Во нашата земја практично не постои слободен ИКТ-кадар, на потег се надлежните институции да ги намалат неконкурентноста на македонските фирми и миграцијата на работната сила“, порачуваат од оваа фела.**

# ОБРАЗОВАНИЕ



**ИКТ-индустријата е убедливо неколку години по ред на врвот на најплатени професии во земјава. Колку изнесува моменталната плата во секторот?**

Како секторска комора што ги претставува исклучиво ИКТ-компаниите во нашата држава, особено сме горди на нашите членки што се пример за силен економски раст, кој се чувствува во целото општество воопшто. Оваа индустрија бележи пораст по сите параметри (остварени приходи, број на вработени, извоз) дури и во услови на пандемија и на сериозна економска криза и значајно придонесува во државниот буџет од аспект на платени даноци и придонеси. Вработените во ИКТ-секторот се најплатените работници во нашата држава, за што зборуваат и самите бројки согласно со последните официјални податоци објавени од Државен завод за статистика. Просечната исплатена месечна бруто-плата по вработен за ИТ-секторот (компјутерско програмирање) за месец април 2022 изнесувала 124.719 денари, која е за 2,6 пати поголема од просечната исплатена месечна бруто-плата за сите сектори – 47.092 денари. Споредувајќи ги месец април 2021 година и месец април 2022 година, платата во ИТ-секторот е зголемена за 13%. Ова дава на знаење дека државата мора стратешки да вложува во ИКТ-индустријата, при што стимулацијата на овој сектор води кон дополнителен развој на сите други сектори во нашата економија во развој.

**Колку ИТ-компании има во Македонија и каков е односот на понудата и на побарувачката на ИТ-кадри ?**

Во нашата држава моментално има околу 2.000 ИТ-компании и сите ние имаме предизвик да обезбедиме соодветен ИТ-кадар. Како најперспективна гранка во нашето општество, секако и во светот, базирано на континуитетот и капацитетот на работата, го зголемивме обемот на вработувања кај сите ИКТ-профили. Низ изминатите години увидовме дека ИТ-кадрите се дефицитарни, и ова константно им се посочува на сите надлежни институции со цел стратешко решавање на овој проблем. ИКТ-индустријата треба да биде стратешки фокус на државата за да се намали неконкурентноста на македонските фирми и миграцијата на работната сила. На пример, преку намалувањето на трошоците за даноци, во доменот на персоналниот данок, и дел од придонесите, може да се ослободат финансиски средства што работодавачите би ги инвестирале во нови вработувања, поголеми плати или научноистражувачки активности, а токму тоа е дополнителен мотив за ИКТ-кадрите да останат во земјата и да работат дома. Токму на оваа тема Комората МАСИТ, преку константна комуникација со надлежните институции, во континуитет работи на подобрување на условите за ИКТ-компаниите во Македонија и се стреми кон



**Илија Господинов,**
Претседател на МАСИТ

подобра и прогресивна индустрија.

### Дали се кадрите дефицитарни и колку имаат младите интерес за оваа професија?

Во нашата земја практично не постои ИКТ-кадар што не е ангажиран. Спречувањето на одливот на работна сила и на мозоци, попознатиот „brain drain“, е стратешки приоритет на Комората на кој му посветуваме особено внимание. Спроведуваме разни активности, проекти и обуки што на компаниите-членки на Комората им се од огромна помош, како на пример: анализа на понудата и на побарувачката на ИКТ-работна сила, преквалификација на лица од други профили кон ИТ-профили, дополнителни сертификации и квалификации за ИКТ-професионалците вработени во компаниите-членки итн.

Трендот во изминатите години е во нагорна линија и интересот на младите да работат во одреден сегмент од ИКТ-индустријата се зголемува секојдневно.

Секоја година има евидентен пораст на новозапишани млади лица на ИКТ-факултетите низ државава, а МАСИТ и нејзините членки имаат успешна соработка практично со сите ИКТ-факултети.

Компаниите работат кон приближување на ИКТ-индустријата до секој млад човек, со цел тие подобро да ја разберат функцијата на самата индустрија и што нуди таа како предности и можности за кариерен развој. МАСИТ е активен поддржувач на формалното образование за ИТ, но и на неформалните образовни програми. Високо професионален и стратешки поставен образовен процес продуцира квалитетна работна сила со одлична иднина.

### Дали имаат сè уште желба кадрите од овој сектор да работат во странство, со истата професија, или има тренд на работа од дома за странство односно за компании што се во земјава?

Повеќето од компаниите-членки во Комората се извозно ориентирани, односно работат од Македонија за клиенти во странство. Нашите домашни ИКТ-компании воспоставуваат добри практики и механизми преку кои им овозможуваат на вработените подобрен баланс помеѓу работно и слободното време. Исто така, дополнителните привилегии како приватното здравствено осигурување, кариерен раст за вработените, постојаната инвестиција во нивна доградба преку

финансирање дополнителни тренинзи и сертификација, се лична бенефиција за секој вработен во ИКТ-секторот. За крај, и како најважна бенефиција што компаниите им ја овозможуваат на своите вработени е споделувањето дел од сопственичката структура со нив, во форма на процент на косопственииштво, или доделување акции ако котираат компаниите на берзата. Ова се само дел од бенефициите што ги имаат вработените во ИКТ-секторот во нашата држава, и поради тоа евидентираме намален број на кадар што заминува да работи во странство.

**Колкав е извозот од ова индустрија, дали има простор за зголемување ?**

Вложувањето во ИКТ-индустријата треба да биде стратешка цел на нашата држава. Ова го нагласуваме поради фактот што овој сектор во време на светската економска криза предизвикана од Ковид-19, во нашата економија во 2020 година генерираше повеќе од 230 милиони евра. Дополнително на ова е данокот што го платиле овие компании, а кој е резултат на профитот што го оствариле (околу 12,5 милиони евра), што претставува сериозен финансиски придонес во буџетот на државата. Во 2022 година, ИКТ-компаниите веќе го надминуваат и овој праг, со оглед на тоа што во 2021 година извозот што го направиле ИКТ-компаниите во нашата држава е околу 330 милиони евра.

**Какви се прогнозите за развој на индустријата во иднина?**

Имајќи ги предвид сите расположливи податоци и гледајќи го трендот на раст на ИКТ-индустријата во нашата држава, несомнено е дека таа сè повеќе ќе се развива по нагорна линија. Дали ќе расте спонтано или стратешки е прашање на кое треба заедно да одговориме – државните институции, образованието и приватниот сектор.

**Како МАСИТ баравте определени мерки од владата. Кои беа тие и дали ги прифати Владата?**

Во изминатите години, ние како МАСИТ секојдневно се залагаме и придонесуваме кон тоа ИКТ-секторот да биде препознаен од страна на Владата. Тоа го правиме преку давање конкретни и инклузивни предлози за подобрување на условите и за зголемување на конкурентноста. Како главен сегмент што би имал значаен придонес во подобрување на условите во ИКТ-индустријата се даноците. Сметаме дека треба да бидат преземени и регулирани три даночни стапки и тоа:

· намалување на даночната стапка кај данокот на личен доход за вработени во ИКТ-секторот,

· намалување на данок на добивка, и

· лимитирање на износот за основицата на кој се плаќаат придонесите за социјално осигурување за вработените во ИКТ-секторот.

Дополнително, МАСИТ во изминатите години активно се залага за ревизија на Законот за работни односи во делот на работа од дома или т.н. работа од далечина. ИКТ-компаниите од Македонија имаат голема потреба од ефикасен закон лесно спроведлив во практиката, а кој ќе им овозможи полесно деловно функционирање и склучување на договори од ваков тип. Работата од далечина односно од дома неопходно треба да се дефинира како правна рамка што на вработените непречено и лесно ќе им дозволи ваков начин на работа. Во моментов не постои можност за слободно договарање помеѓу работникот и работодавачот во начинот на организирањето на работата од дома, користењето на средствата за работа, условите за работење дома, контрола на работното време, флексибилност на работното време и работните денови.

Барањата на МАСИТ се теми што се континуирано отворени за дискусија, но се прифатени и препознаени од страна на Владата и од надлежните институции како добри практики за зголемување на целокупната продуктивност на ИКТ-индустријата. Ги поздравуваме сите иницијативи што придонесуваат кон зголемен економски раст и кон подобрување на квалитетот на животот за сите.

## КОЛУМНА

Пишува: **Проф. д-р Јулијана Ангеловска,**
професорка на Економскиот факултет на УТМС



# ВЛИЈАНИЕТО НА ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО

Според конвенционалната финансиска теорија, светот и неговите учесници во поголемиот дел се рационални „максимизатори на богатството". Но, има многу инстанции каде што емоциите и психологијата влијаат врз нашите одлуки, предизвикувајќи нè да се однесуваме непредвидливо и на ирационален начин. Многу од традиционалното економско и финансиско моделирање е базирано на претпоставката дека индивидуите дејствуваат рационално, проследувајќи ги сите достапни информации во нивниот процес на одлучување. Но, инвеститорите во реалноста секогаш не се однесуваат рационално, предвидливо и на непристрасен начин, како што укажуваат квантитативните модели. Напротив инвеститорите ги вложуваат парите на пазарот на капитал за да генерираат профит, а најголем дел од нив се обидуваат не само да направат профитабилен бизнис, туку и да го победат пазарот. Во остварувањето на овие цели тие не се рационални. Пазарот на капитал го сочинуваат инвеститорите, па оттука тешко е да не се размислува за пазарот на капитал како личност: тој има карактер што може да се сврти од избувлив во еуфоричен, може да реагира непромислено еден ден и да се поправи во наредниот.

Кога е во прашање донесување одлука за инвестирање на пазарот на капитал, а особено во изборот на акцијата во која ќе се инвестира, луѓето прават систематски грешки, таканаречени когнитивни пристрасности, кои доведуваат до помалку рационално однесување во однос на претпоставената класична економска парадигма. Откриено е дека овие спознаени пристрасности се виновни за разни нерегуларни феномени на финансиските пазари (турбуленции, предвидливи трендови, сезонски циклуси, балони итн.). Македонските инвеститори не се исклучок од овие нерационални однесувања и во краткиот историски развој на македонската берза може да се забележат сите нерегуларности забележани во светската литература во однесувањето на инвеститорите што водат голема волатилност и абнормални приноси и покачувања на берзанскиот индекс, проследено со исто толку абнормални загуби и пад на индексот МБИ10.



**Проф. д-р Јулијана Ангеловска,**
професорка на Економскиот факултет на УТМС



# КРАТОК ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ДВИЖЕЊЕТО НА МБИ10

Македонскиот пазар на капитал е претставен од Македонската берза на хартии од вредност. Модерната историја на македонскиот пазар на капитал се поврзува со структурните промени во 1990-тите години, поминувајќи ја транзицијата на земјата кон слободна пазарна економија. Македонскиот берзански индекс (МБИ10) претставува агрегатен показател на движењето на цените на акциите што котираат на Македонската берза АД Скопје и е пондериран индекс на акции составен од десетте најтргувани акции од котираните компании на официјалниот пазар. Индексот е воведен на почетокот на 2005 година со почетна вредност од 1.000 индексни поени. На Графиконот 1 е прикажано движењето на вредноста на индексот МБИ10 од неговото формирање и почетна позиција од 1000 индексни поени на 4.1.2005 година, до 20.9.2022 година. На графиконот се гледа дека на 31.8.2007 година берзанскиот индекс МБИ10 ја зголемува својата вредност за 10 пати и за само една година и 8 месеци го постигнува својот врв од 10,057.77 индексни поени. Потоа следува период на пад и на стагнација, без позначителни растови, падови и поголема волатилност до 2017 година, кога почна постепено нагорно придвижување на МБИ10, што резултираше со нов максимум од 6,364 индексни поени на 9.2.2022 година. Растот на берзанскиот индекс што почна по 2017 година, по промената на власта и по зголемените очекувања со влезот на земјата во НАТО-алијансата, ги зголеми довербата на инвеститорите и очекувањата за купување акции на македонската берза. При тоа, неочекувани настани што го потресоа целиот свет предизвикаа нови турбуленции, а тоа беше пандемијата со Ковид-19 и украинската војна.




**Графикон 1 Вредност на индексот МБИ10 во период од 4.01.2005 до 20.09.2022**

На Графиконот 2 се прикажани процентуалните дневни промени на индексот, што покажува поголеми турбуленции и зголемена волатилност во периодите на големи растови и падови, додека во долгиот период на стагнација, секако е и помала волатилноста.




**Графикон 2. Процент на дневна промена на индексот МБИ10 во периодот од:01.01.2005 до:20.09.2022**

2007 година беше најуспешната година во историја на македонската берза, која до сега не е повторена: остварен е промет од 41,7 милијарди денари, а македонскиот берзански индекс МБИ10 ја достигна својата највисока вредност, пробивајќи ја границата од 10.000 индексни поени. Уште во првите два месеца од тргувањето, стана очигледно дека на берзата се вклучуваат и ќе се вклучат далеку поголем број инвеститори, домашни и странски, физички и институционални. Сега веќе цените ги имаа надминато номиналните, па и книговодствените вредности, но тие, сепак, се сметаа за потценети. Тоа се случуваше делумно како резултат на претпоставката дека имавме лоша приватизација и несоодветна процена, а делумно и на споредбата со цените на акциите на слични компании од ист сектор во регионот и во светот – тие насекаде беа по три или повеќе пати над нивните книговодствени вредности. Сето ова беше надополнето и со голема медиумска покриеност на случувањата на берзата, нејзино експонирање и претставување првенствено како опција за брза, а не за долгорочна заработувачка, што дополнително влијаеше на вклучувањето на нови и нови физички лица. Сета оваа еуфорија што се ткаеше околу берзата беше надополнета и со многубројни „анализи и претпоставки" околу идните движења на цените на акциите што можеа да се сретнат на разно-разни инвестициски портали кај нас и во опкружувањето. Недостигот од инвестициски фондови на нашиот пазар на капитал (првиот се појави кон крајот на 2007 година) придонесе да дојде до вклучување на толку многу физички лица во тргувањето на берзата, а факт е дека најголемиот дел од нив не поседуваа соодветно знаење, искуство и способност за реакции во дадени ситуации. Глобалната финансиска криза што се случи во 2008 година, многу значајно се рефлектираше врз македонскиот пазар на хартии од вредност. Кризата, која започна како финансиска, а многу брзо прерасна во економска криза, и чија генеза потекна од развиените пазари на капитал (САД, Европската Унија и други земји), достигна глобални размери и исклучително негативно се одрази токму врз светските пазари на капитал, а соодветно се транспонираше и на македонскиот пазар на хартии од вредност. Иако Македонија не беше многу погодена од првиот бран на финансиската криза, пред сè поради фактот што финансиските институции речиси и да немаа вложувања во поризични и „токсични" финансиски инструменти и поради ниското ниво на развиеност на пазарот на деривати во Република Македонија, сепак, кризата се почувствува индиректно. Имено, во неколку години по 2004 година, на македонскиот пазар на хартии од вредност беше забележан прилив од странски институционални инвеститори што во услови на соочување со ефектите од глобалната криза во своите матични земји, во борбата за одржување на ликвидноста и на солвентноста беа принудени да се воздржат или да го забават инвестирањето на македонскиот пазар на хартии од вредност, што значајно се рефлектираше врз ликвидноста на тргувањето со хартии од вредност на македонската берза, особено во втората половина на 2008 година. Константниот пад на вредноста на индексот МБИ10, постојаниот притисок на продажната страна и постојаното напуштање на странските институционални инвеститори на нашиот пазар на капитал, создаде дополнителна паника помеѓу домашните инвеститори и

недоверба кон компаниите што котираат на берзата и кон целиот берзански концепт. Иако резултатите на поголем дел од компаниите за 2008 година беа подобри во споредба со претходната (кризата почна да се чувствува дури во четвртиот квартал од 2008), тие не можеа да ја сменат перцепцијата на обичниот инвеститор дека цените на акциите ќе продолжат да губат од својата вредност и дека тие ќе можат да се купат по извесен период за многу пониски цени. Добар дел од неискусните инвеститори воопшто и не реагираа на ваквиот пад, едноставно помирени со загубата и препуштени на разочарувањето од инвестирањето, чекаа „подобри времиња“.

Секако, нестабилната политичка ситуација во земјата што настана како резултат од недобивањето статус на земја-членка на НАТО во април 2008 година, како и вонредните парламентарни избори што следуваа по овој настан, имаа дополнително негативно влијание врз македонскиот пазар на капитал. Константниот пад на вредноста на индексот МБИ10 придонесе тој да ја заврши годината на вредност од 2.096,16 индексни поени, што претставуваше намалување од 72,92% во споредба со вредноста на индексот на последниот ден на тргувањето во 2007 година.

Својот најголем пад берзата го доживеа на почетокот на 2009 година. Понатамошниот пад на вредноста на индексите низ светот, а особено во регионот, константното повлекување на капиталот од нашиот пазар од страна на странските инвеститори, како и сплетот на околности во македонската економија поврзани со порастот на каматните стапки од страна на НБРМ и на комерцијалните банки, константниот притисок врз денарот и опасноста од негова девалвација, придонесоа за појавувањето на овој тренд. Својот минимум МБИ10 го достигна на 10.3.2009 година кога изнесуваше 1.598,50 индексни поени и беше за 23,74% намален во однос на крајот од 2008 година. Прометот беше значително опаднат, а ликвидноста сериозно загрозена дури и кај дотогаш најтргуваните акции, чинители на индексот МБИ10. Во наредните месеци, индексот МБИ-10 почна да бележи нагорен тренд, главно под влијание на случувањата на светските берзи и порастот што се случи на нив под влијание на претпоставките дека најголемите светски економии почнуваат да излегуваат од кризата. Иако таа претпоставка не важеше и за економиите на земјите од Југоисточна и Источна Европа, вклучувајќи ја и нашата економија, сепак, на пазарот се создаде една неочекувана еуфорија дека цените на акциите го достигнале дното и дека започнува периодот на пикот. Првиот пик берзата го достигна на 3.6.2009 година, кога индексот МБИ10 ја имаше вредноста од 2.729,33, а вториот на 15.10.2009 година со вредност од 3.922,29 индексни поени. На крајот од 2009 година индексот изнесуваше 2,751.88, а на почетокот од 2017 година 2,137.32 индексни поени, што значи за 22% помал од 2009 година.

Берза



## НАТО-ЕФЕКТ, КОВИД-19 И УКРАИНСКАТА ВОЈНА

Влијанието на политичките настани врз пазарот на капитал го видовме преку предизвиканиот пад по недобивањето НАТО-пристап во 2008 година, што ја покажа и сензитивноста на македонскиот инвеститор на какви било информации и вести поврзани со решавање на спорот со името и добивањето НАТО-членство.

Што е тоа што ги води македонските инвеститори – секако се тоа очекувањата. Кога македонскиот инвеститор ќе види ценовен тренд на некоја акција во неколку последователни дена, тој веднаш реагира и не го интересираат фактите, туку само трендот со надеж дека тој ќе продолжи. Големите порасти или падови во ценовните нивоа служат како сигнал или трансмитер на информацијата дека цените ќе растат, што ги води македонските инвеститори во последователни шокови отпосле во ист правец, што резултира во процес на следење на трендот кој продолжува извесно време.

Решавањето на спорот со името и забрзувањето на процесот на влегувањето во НАТО, придонесоа кон позитивниот сентимент на инвеститорите во акции, но и добрите финансиски резултати на компаниите котирани на берзата во претходните 2-3 години си го направија своето. Водени од очекувањата за позитивното влијание на членството во НАТО, како и од добрите финансиски извештаи, инвеститорите ја зголемија страната на побарувачката и цените на акциите почнаа со раст.

Вредноста на главниот индекс на македонската берза, МБИ10, во 2017 година оствари раст од 18%, во 2018 година од 42.5%, проследен со понатамошен пораст од 36% во 2019 година, така што на почетокот од 2020 година, индексот забележа кумулативен тригодишен пораст од 120% во однос на почетокот од 2017 година. На Графиконот 3 е прикажано движењето на вредноста на МБИ10 во периодот од 3.1.2017 година до 20.9.2022 година. Постигнатото во вредноста на индексот до 2020 година, со појавата на вирусот забележа пад во февруари и март 2020 година. Со денови акциите на најголемите македонски компании што котираат на македонската берза ја губеа својата вредност најмногу поради кризата што ја предизвикува вирусот Ковид-19. Светските берзи бележеа огромни загуби, а тоа се пресликa и на македонската берза. Првиот поголем пад македонскиот берзански индекс го забележува на 24 февруари, на само два дена пред да биде евидентиран  првиот случај во земјава, односно кога беа забележани неколку случаи во регионот. Нешто подоцна на краток рок, берзата забележа стагнација и подобрување сѐ до 11 март, кога Светската здравствена организација прогласи пандемија на Ковид-19, по што тргувањето со акции беше во константна надолна линија. Денот кога лидерите на ЕУ и формално го усвоија заклучокот со кој на Македонија и на Албанија им се дозволува отпочнување на пристапните преговори со ЕУ е последниот ден на кој се бележи најниско ниво на берзанскиот индекс. Веднаш потоа, кога Македонија и формално стана 30-та членка на НАТО, почна да расте вредноста на акциите на македонскиот берзански индекс МБИ 10. Македонската берза почна да се оправува по првичниот пад предизвикан од пандемијата.

Македонскиот пазар има голема поврзаност со случувањата на берзите во странство, па кога странските берзански пазари почнаа да заздравуваат и кога акциите почнаа да си ги враќаат вредностите на цените, тоа се случуваше и на македонскиот пазар на капитал. Македонските компании што котираат на берзата бележат раст на цените на своите акции, па македонската берза почна да заздравува по падот од 30% до кој дојде поради пандемијата со Ковид-19. Тоа најмногу се гледа од значителниот пораст на акциите на најголемите македонски компании и од последователниот раст на берзанскиот индекс

МБИ10. Дел од акциите ја зголемија својата вредност поради објавата на компаниите дека ќе им исплатат дивиденда на своите акционери. По трендот на пад предизвикан од неизвесноста и од стравот што предизвика паника и кој доведе до пад на цената од 30% во даден момент, откако се стабилизираа работите, дојде до нормализирање во движењето на берзанскиот индекс, па на крајот од 2020 година заврши со минимален раст од 1.2% во однос на почетокот на годината. Иако пандемијата продолжи и во 2021 година, индексот МБИ10 на крајот од 2021 година достигна вредност од 6153.48 односно за 30% повеќе отколку на почетокот од годината.  И 2022 година започнува плодно за македонската берза, со раст на МБИ10, кој на 9.02.222 година достигнува нов максимум по 2007 година од 6,364 индексни поени. Почетокот на војната во Украина македонските инвеститори како и инвеститорите насекаде во светот го проследија со продавање на своите акции, со што предизвикаа пад на берзанскиот индекс од 8.65% на денот на почетокот на војната. Индексот во наредните неколку месеци се одржуваше на околу 6000 индексни поени и покрај кризата во сите домени на економијата. Тоа може да се протолкува како ефект од добрите резултати од работењето во претходната година и објавите за дивиденди. И покрај комплексното опкружување за компаниите што котираат на берза, во 2021 година компаниите работеле солидно, а објавените финансиски извештаи се со добивка, и тоа од вкупно 91 друштво што известило, 73 оствариле добивка наспроти 66 лани. Војната во Украина навистина беше неочекуван шок за сите берзи и инвеститори, и никој не очекуваше ваква ескалација на состојбите. Така, пред вистинскиот напад од страна на Русија, берзанскиот индекс имаше мали падови, а во некои денови и раст, соодветно на вестите што доаѓаа. Никој не очекуваше дека во 21 век, по тоа што му се случи на светот со пандемијата, ќе му се случи и војна. Но војната се случи кон крајот на февруари и донесе многу силен удар врз сите берзи во форма на значајна надолна ценовна корекција. Војните, економски гледано, пред сѐ значат неизвесност, а повеќето проекции и перцепции се инкорпорираат во надолен тренд и негативни берзански индекси. Цените на берзите стануваат максимално осцилаторни, додека пазарниот сентимент е нестабилен и подложен на лесни и на брзи промени на дневно ниво. Целото окружување е крајно осетливо, имајќи предвид дека нестабилноста на пазарите на капитал предизвикана од војната во Украина само се надоврза на претходната неизвесност поврзана со пандемијата: инфлацијата, каматните стапки, веригите на снабдување, енергетските предизвици и проблемите во економскиот раст. Периодот е турбулентен и непредвидлив, како за економиите во целина, така и за котираните компании од различни стопански дејности и за берзите на кои се тргуваат нивните акции.




**Графикон 3 Вредност на индексот МБИ10 во период од 3.01.20 до 20.09.2022**

На Графиконот 4 е прикажана дневната промена на индексот МБИ10, каде што се гледа големата волатилност во деновите на почетокот на пандемијата, како и на војната во Украина. Најголемите осцилации се поврзани со вестите околу членството во НАТО, почетокот на пандемијата и Украинската војна.




**Графикон 4. Процент на дневна промена на индексот МБИ10 во периодот од 03.01.2017  до 20.09.2022**

# ТЕМА



Македонија од почетокот на месецов и официјално е во енергетска кризна состојба. Ќе трае најмалку 30 дена, потоа ќе се бара „амин“ од пратениците во Собранието за да се продолжи до крајот на грејната сезона. Властите се однесуваат ноншалантно, упорно уверуваат дека 100% од енергетските капацитети ќе се ставаат во функција и дека проблеми ќе нема. Експертите, пак, се скептични дека ќе се реализира ветеното. Искуството покажало дека такво нешто досега не се случило – сите три блока на РЕК Битола да работат непрекинато на долг рок, а капацитетите на ТЕЦ Неготино и Осломеј да работат „со полна пареа“ без да се случат дефекти. Во услови на зголемени ризици и многубројни проблеми што се појавуваат како „печурки по дожд“ како резултат на континуираната незаинтересираност за вложување во енергетски објекти во земјава, трошокот падна врз грбот на граѓаните и на фирмите. Сепак, поскапувањата повеќе не можат да се издржат – голем дел од бизнисите најавија затворање до Нова година ако остане ситуацијата „статус кво“.

# МАКЕДОНИЈА ВО ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА – МЕРКИ ЗА ШТЕДЕЊЕ ИМА, ПОМОШ ЗА СТОПАНСТВОТО НЕМА



Триесетдневна енергетска криза со можност за продолжување до крајот на март наредната година – ова е второ прогласување на криза во енергетиката за само една година. Се прави со цел да се вбризгаат државни пари во домашните електрани. Токму тоа се случи уште на првиот ден. ЕСМ веднаш доби дополнителни 50 милиони евра и тоа директно од државниот буџет, откако неколку дена претходно министерството за финансии зема кредит во истата вредност од „Шпаркасе банка". Парите треба да бидат наменети ЕСМ да го зголеми производството, да купи јаглен и мазут за потребите на термоелектраните, а ако има потреба, да купи и струја од странство. Претходно доби и 100 милиони евра од Европската банка за обнова и развој за истата намена. Овие пари ЕСМ треба да ги искористи и за да купи гас за потребите на топланите во Скопје и непречено да го снабдува со парно греење главниот град.

**Разговори има, ефекти нема**
*Извор: Влада*





**Ковачевски од Бугарија бара струја и гас**
*Извор: Влада*



# КОВАЧЕВСКИ „ВО ПОХОД“ НА ЕНЕРГЕТСКА ПОДДРШКА ОД СОСЕДСТВОТО

На стартот на месецов, претседателот на Владата, Димитар Ковачевски, тргна во поход за да бара помош од соседите за енергетските проблеми на земјава. Од српскиот претседател Александар Вучиќ и бугарскиот технички премиер Галаб Донев побара, од првиот, доволно извоз на храна и на енергија, од вториот струја и гас. Со својот бугарски колега, Ковачевски се договорил Бугарија да ја снабдува Македонија од октомври оваа година до крајот на март наредната година. Количините на струја што ќе пристигнат од источниот сосед треба да се искористат за да се покрие недостигот, главно во индустријата.

**Нуклеарките повторно се враќаат во игра**
*Извор: Reuters*



**„Прво се договоривме заедно со Република Бугарија да формираме веднаш во среда работна група составена од Министерството за економија на нашата држава, Министерството за енергетика на Бугарија, ЕСМ и други компании од Бугарија, во која ќе се разговара за техничките параметри во однос на капацитетите и на транспортот на електрична енергија, како и во однос на цените што ќе треба да бидат дефинирани во согласност со легислативата на Бугарија, директивите и легислативата на ЕУ и таа на Македонија. Исто така разговаравме и за количините што се потребни кај нас, со оглед на тоа дека Бугарија е земја-извозник на електрична енергија благодарение на капацитетите што ги има, особено ако се земе предвид електричната енергија произведена од атомските капацитети“,** рече Ковачевски

## НАЈГОЛЕМИ РИЗИЦИ – ИСПАДИ НА РЕК БИТОЛА И ЦЕНИТЕ ДА ПРОДОЛЖАТ ЕНОРМНО ДА РАСТАТ



Сите надежи насочени кон РЕК Битола
*Извор: ЕСМ*

Иако Ковачевски упорно уверуваше дека барањето поддршка од соседите за справување со енергетската криза не било мерка што се носела во 5 за 12, на средбата на Советот за безбедност свикана од Претседателот на Републиката, Стево Пендаровски, тој призна дека постојат ризици што треба да се надминат за да ја поминеме мирно претстојната зима, без поголеми турбуленции и без потреба од рестрикции кон стопанството и кон граѓаните. Најави дека струјата по овие цени ќе има само до Нова година, по што ќе следи ново покачување. Исто така, ниту 150-те милиони евра за ЕСМ нема да бидат доволни. Тој најави дека на државата и требаат најмалку 300 милиони евра за да се „истурка“ зимата, односно до крајот на март 2022 година.

**„Постојат ризици од непредвидени испади на термоблоковите на РЕК Битола поради апсолутната застареност на опремата, непредвидливи ризици во цената на берзата за гас и за струја до ниво на неиздржливост, забрани за извоз од соседите на природен гас и суровини за производство на електрична енергија. Затоа имаме состаноци со соседните земји, со Бугарија, која има базна енергија и со Грција како логистички центар. Приоритети се обезбедување јаглен за РЕК Битола, мазут за ТЕЦ Неготино, гас за ТЕ-ТО Скопје и Когел на ЕСМ, обезбедување дизел-гориво и дополнителна увозна електрична енергија. Ова е ужасно тешка ситуација, но немам намера да се правдам со тоа“,** рече Ковачевски.

## МЕРКИ ЗА ШТЕДЕЊЕ – ДАЛИ МОЖЕ РЕАЛНО ДА СЕ ЗАШТЕДАТ 15% ЕНЕРГИЈА?

На стартот на месецов стапија во сила и мерките за штедење што треба да траат до крајот на грејната сезона. Слично како и колегите од Европа, и домашните политичари на власт ги пресликаа тамошните мерки со кои се бара штедење од сите – за граѓаните и за фирмите има само препораки, а за институциите задолженија за кои ако не се исполнат, ќе следат санкции за директорите. На месечно ниво треба да доставуваат извештаи колку заштедиле споредено со истиот месец лани. Токму овие мерки беа дочекани со хумор од страна на граѓаните. И населението и фирмите велат дека одамна штедат, па овие мерки не биле ништо друго освен само препишани зборови на хартија. Велат нема од што да се штеди струја кога се џебовите празни и кога е дното одамна допрено. Граѓаните бесни откако министерот Бектеши излезе да ги советува кога да се

бањаат и да перат алишта. За населението, мерките за штедење се бесмислени бидејќи поради прескапата живејачка и масовната беспарица одамна готват, перат и се тушираат по 22 часот навечер. Особено се револтирани откако се укина евтината тарифа преку ден од 14 до 16 часот, па многумина морале да јадат ручек направен претходниот ден. Сметаат дека советите на Владата веќе одамна ги применуваат, па надлежните не треба да очекуваат заштеди од граѓаните.

**„Не паметам дали сум вклучила некогаш машина за перење или бојлер пред 22 часот. Тоа стана начин на живот, а не штедење."**

**„Убаво беше додека имаше евтина дневна тарифа. Откако се укина таа, тешко може да се намали сметката за струја."**

**„Многу не сме обрнувале внимание, па ќе треба да се консултирам со жена ми, јас не готвам."**

**„Како може старите со над 70 години да одат по скали? Тоа нека каже министерот. Па четиричлено семејство во колкаво тенџере да готви? Нека дадат во колкави димензии треба и така ќе живееме по неговите правила."**

**„Зошто да не може да се користи лифтот? Старите луѓе што не можат да се качат до осми кат?"**

**„Како во помали тенџериња? Ако се двајца добро, ама ако се 5-6 луѓе?"**

**„Сега ќе ни дојдат ниски сметки бидејќи е лето, па бевме на одмор. Од есен лошо ќе биде. Не може да се грее некој на 20 степени, особено ако е постар човек"**, велат граѓаните.

Препораките за граѓаните вклучуваат и совети да се оди по скали наместо да се користи лифт. Бојлерот не само да не се користи во скапа тарифа, туку и да не се загрева водата премногу и да се пушта тенок млаз вода. Фрижидерот да не се позиционира на најниска температура. Во текот на денот во летна сезона да се спуштат ролетните и завесите. Да не се блокираат радијаторите со мебел и завеси. Да се користат машините за садови и за перење секогаш полни и на евтина тарифа. Има и совети за минимално користење на компјутери, полначи за телефони, замена на стари со нови штедливи сијалици, како и готвење во помали тенџериња на помалите рингли на шпоретите. За оние поимотните, препораките се да инвестираат во изолација на домовите, да купуваат бела техника со висока енергетска ефикасност и да вградат сончеви колектори.

Слични мерки има и за фирмите и за општините, а за јавните институции дополнително треба да се намали декоративното осветлување. Сепак, првите неколку дена во септември, мерките ретко кој ги почитуваше. Навечер светеше цела зграда на Владата и неколку објекти на музеи во строгиот центар на Скопје. Остана вклучено декоративното осветлување на најголемиот дел од спомениците на Плоштадот Македонија, но и на споменикот на Прометеј спроти Собранието, но беа исклучени светилките на фонтаната „Воин на коњ" и на подната фонтана на Плоштадот. По неколку дена, најголем дел од институциите решија дека сепак целосно ќе го исклучат осветлувањето.

## БОЧВАРСКИ – ПАПА НАД ПАПАТА

Особено интересен во однос на мерките за штедење беше министерот за транспорт, Благој Бочварски. Тој на универзалните мерки за штедење додаде и свои. Дополнително забрани службениците да ги полнат електричните тротинети во канцеларија. На известувањето закачено на секое од нивоата на петкатната зграда на Министерството за транспорт и врски, покрај стандардните мерки, стои и: **„забрането качување со лифт на веспи, велосипеди и електрични тротинети и нивно полнење во канцелариите"**.



**Бучим привремено престана со работа**
*Извор: Бучим*

## РЕДОВНИ СРЕДБИ, НО ЕПИЛОГ НЕМА

Мерките за штедење и незаинтересираноста на власта не им се интересни на стопанствениците. Повеќе од половина година бараат помош од државата со високите сметки за струја, но освен само делумно олеснување на процедурите за поставување фотоволтаици, не добија ништо. Многу компании ќе стават клуч на врата и ќе бидат принудени да поделат откази ако не им помогне Владата под итно. Стопанската комора цело време алармира дека цената на струјата е најголем проблем за македонската економија, а надлежните се глуви на предупредувањата на бизнисот. Барањата за помош што ѝ ги испорача комората на Владата уште пред еден и пол месец, не се исполнети. Од ден на ден, фирмите се сè помалку конкурентни, а бројот на затворени компании се искачи на 5.400 од стартот на годинава. Лани од регистарот, пак, биле избришани 7.000 фирми. Бизнисите револтирани – бараат Владата да престане да „глуми" дека сè е нормално во време на енергетска криза. Бараат да се обезбеди поевтина струја за да се спаси економијата од колапс. Во моментов цените биле шест пати повисоки од истиот месец лани.

Во најлоша состојба се рудниците. „Бучим" привремено го прекина производството, а како причина ги наведоа поставувањето фотонапонска централа и инвестициите во опрема. Вработените се жалат дека се тие во лоша финансиска состојба веќе подолго време. Загубите биле огромни поради 10 пати поскапата струја и ниските цени на обоените метали.

**„Бучим исто така се наоѓа во тешка состојба. Се разгледуваат разни варијанти за стопирање на производството. Набрзо може да престане да работи рудникот во кој работат околу 700 луѓе. Состојбата ќе стане посериозна и во пошироката околина на Радовиш, каде што и онака има проблем со вработувањето",** вели Николајчо Николов од МАР, инаку поранешен прв човек на Бучим.

Стопанските комори неколку пати беа на средби во Владата со ресорните министри, но засега епилог нема. Не се знае ниту кога ниту какви мерки би имало за помош на бизнисот.

Компаниите бараат итна набавка на мазут и на јаглен за ТЕЦ Неготино, ТЕ-ТО да работи цела година, како и струјата од обновливи извори да биде наменета исклучиво за индустријата. Исто така да се намали на нула ДДВ-то за струјата и да се ограничат маржите на трговците со електрична енергија. И додека чекаат, цената на струјата на слободниот пазар руши рекорди. На релевантната регионална берза во Унгарија HUPX, цената на еден мегаватчас струја достигна неверојатни 700 евра, по што се стабилизираше одреден период на околу 500 евра за мегаватчас.

**HPUX берза**

*Извор: HPUX*




| Day-ahead market | 04. Sep | 05. Sep | 06. Sep | 07. Sep |
|---|---|---|---|---|
| Baseload price | 310.42 | 449.36 | 531.44 | 484.01 |
| Change (%) | -13.29 % | 44.76 % | 18.27 % | -8.92 % |
| Peakload price | 324.50 | 515.35 | 562.14 | 502.43 |
| Change (%) | -16.02 % | 58.81 % | 9.08 % | -10.62 % |
| Daily volume (MWh) | 75,062.70 | 76,075.80 | 69,655.30 | 66,926.50 |
| Change (%) | -4.01 % | 1.35 % | -8.44 % | -3.92 % |
| Monthly volume (MWh) | | | | 489,788.1 |

## КАКО ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ ИМ ПОМАГААТ НА СВОИТЕ ГРАЃАНИ?

И додека во Македонија има само декларативни заложби за помош, земјите-членки на Унијата сериозно ја сфатија енергетската криза и побрзаа да им помогнат на граѓаните. Сепак, дури ниту ова не го спречи незадоволството, па масовни демонстрации имаше во повеќе градови во Германија и во Чешка.

**„Целта на нашите демонстрации е да бараме промени, главно во решавањето на прашањето за цените на енергијата, особено на струјата и на гасот, кои ќе ја уништат нашата економија оваа есен“,** вели Јири Хавел, еден од организаторите на протестите во Прага, каде што на улиците излегоа 70.000 луѓе.

**„Бидејќи нема гломазен пакет помош, ќе има силни протести на улиците. Почнавме во Лајпциг, веќе имавме демонстрации и во Франкфурт, а ќе имаме и во Ерфурт. Ќе има многу други демонстрации низ цела Германија. Овие ‚жешки протести', се надевам, ќе го одржат притисокот врз германската влада“,** вели Мартин Ширдеван од левичарска партија во Германија.

Унијата се подготвува да ги ограничи максималните цени на енергенсите, но секоја држава поединечно има мерки за помош на населението и на стопанството.

Во Чешка електричната енергија и гасот се ослободени од ДДВ. Енергијата од обновливи извори е ослободена од даноци. Националната банка ги кредитира малите и средни претпријатија преку финансиска помош без камата, додека пак за индустријата се воведени цела серија даночни

ослободувања.

Во Германија на сиромашните семејства државата им ги покрива сметките за греење и финансиски ги подржува преку еднократни субвенции. Таму е намален и данокот на доход, како и даноците за превоз на студенти и на лица со ниски примања, како и многу други финансиски олеснувања.

Франција се одлучи за енергетски ваучер за оние со плата пониска од 2.000 евра, ограничување на цените на бензинот до крајот на 2022 година, намален данок за струја и попуст на дизелот за возачи.

Австрија дели енергетски ваучери од 150 евра, не се плаќа царина за зелена струја, до 90% се намалени тарифите за гас и електрична енергија до средината на 2023 година, дели субвенции за превоз на вработените, им нуди поддршка на компаниите во случај на доцнење со плаќањето на даноците и на другите јавни давачки и дава инвестициски субвенции за намалување на зависноста од руски гас.

Холандија го намали данокот на енергија за домаќинствата и компаниите за 2022 година, нуди поддршка за ранливите домаќинства со високи сметки за енергија, дава енергетска социјална помош за лица со примања до 800 евра, ја намали стапката на ДДВ од 21% на 9% и ги намали акцизите на дизелот и на бензините на 21%.

Шведска дава 195 евра за најпогодените семејства, намалување на даноци за дизелот и за бензините и замрзнување на обврската за намалување на стакленичките гасови.

Белгија има предвидено енергетски ваучери од 100 евра, Фонд за гас и за електрична енергија за домаќинствата, намалување на ДДВ-то за струја од 21% на 6%, намалување на даноците на дизелот и на бензинот за 17,5 центи на литар, како и продолжување на животниот век на два нуклеарни реактора за 10 години.

Данска дава 800 евра помош за греење за најпогодените домаќинства и поддршка за замена на системите за греење со природен гас.

Естонија ги намали цените за домаќинствата со ниски приходи и надоместоците за мрежата за 50%.

Финска презема постојани насочени мерки фокусирани на транспортот и на претприемачите во земјоделството, како на пример, зголемување на максималната одбивка за патни трошоци од 7.000 евра на 8.400 евра, намалување на цената на дизелот за професионални возачи, намалени даноци за струја, директни субвенции за земјоделскиот сектор, трајно ослободување од плаќање данок на недвижен имот за земјоделски објекти и за логистичкиот сектор, инвестиции во водородни батерии.

Ирска воведе даночни олеснувања за гарантираните трошоци за греење и за електрична енергија и поволни кредити за реновирање станови.

Италија се одлучи за отстранување на општиот систем на давачки во енергетскиот сектор и намалување на општиот данок на сметки за гас, намалување на ДДВ-то за користење гас, плаќање сметки за енергија на рати, поддршка на домаќинствата со ниски приходи, 20% даночни олеснувања за сите енергетски интензивни компании, зголемување на социјалните бонуси и намалување на цените на бензините до 25 центи, како и за даночно олеснување за фирмите за набавка на струја за 25%.



**Европските држави им помагаат на граѓаните со високите сметки за енергија**



Ѓоргиевски: *„Се обидуваме да го кренеме квалитетот на живеење на граѓаните во Општина Кисела Вода“*

# ИНТЕРВЈУ СО ОРЦЕ ЃОРГИЕВСКИ

## Градоначалник на Општина Кисела Вода

**Општината Кисела Вода го менува својот лик во модерно и урбано место за живеење. Градоначалникот Орце Ѓорѓиевски најавува изградба на мегапарк и две нови технолошко-индустриски зони во општината, кои ќе донесат нови работни места. Во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, Ѓоргиевски објавува дека ќе се гради и нова населба за млади – Чупино Брдо, со каде што ќе се обезбеди станбен простор за млади брачни парови.**

# ИНВЕСТИЦИСКИ БУМ ВО КИСЕЛА ВОДА

## – Ѓорѓиевски најавува нов урбан лик на општината

**Ѓорѓиевски, најавивте изградба на нова населба за млади брачни парови во време кога младите сè повеќе се иселуваат од Македонија. Конкретни мерки на државно ниво нема. Со какви мерки планирате да ја запрете миграцијата од вашата општина?**

Миграцијата на нашиот народ е сериозен предизвик што стои пред сите политичари и чие надминување треба да е меѓу врвните приоритети за дејствување. Незадоволството поттикнато од корупцијата, од нечесните политичари, од лошата внатрешна и надворешна политика на политичките структури што се на власт, од системот што не функционира, тоа е најголемата болка на Македонија што продуцира бесперспективност кај младите и ризик преку континуирано иселување да останеме без народ.

Како градоначалници ја имаме моќта да дејствуваме локално. Да го подигнеме квалитетот на живот во општината со која раководиме и да создадеме стабилно тло за економски развој, такво што ќе продуцира нови работни места и искористување на човечкиот потенцијал. Тоа е нашето оружје со кое може да ја вратиме перспективноста кај младите и мотивот да го продолжат тука своето образование и професионално надградување. Од првиот мој ден како градоначалник, се зафатив со силна борба со корупцијата, со почитување и спроведување на законите, со развивање на сите капацитети што ги поседува овој дел од градот. За десет месеци веќе имаме видливи резултати во секоја сфера, што е прв показател на правецот во кој ќе се движиме во овие четири години. Сметам дека комплетното менување на ликот и на имиџот на Кисела Вода ќе привлече компании што ќе инвестираат, а ова, пак, ќе значи подигнување на стандардот, а со тоа и на мотивот на младиот интелектуален потенцијал дома да ја реализира можноста за професионален развој.

Ова е едно од клучните нешта што им го понудив на моите сограѓани во предизборната програма, каде што најавив и формирање на две нови технолошко-развојни зони, Зона Драчево и Зона Чупријан, во кои ќе се вработат голем број наши сограѓани. Предвидена е и нова населба за млади, Чупино Брдо, каде што ќе се обезбеди станбен простор за млади брачни парови.

Заеднички ќе ја создадеме иднината на нашата Кисела Вода, како наш дом и дом за идните поколенија.

**Во каква кондиција е буџетот на општината и колку Ви остави претходното раководство недовршени проекти?**

Наследивме буџет со огромна финансиска дупка. Претходниот градоначалник ја остави општината со долг од преку 3 милиони евра,

чие надминување бара многу сериозен пристап и длабока економска анализа. Програмата што ја понудивме беше амбициозна, но целосно реална и остварлива, а предизвикот со кој се соочивме кога ги отворивме заклучените фиоки и празната општинска каса, за мене, како човек и како градоначалник е само мотив плус. Со одговорно и со чесно работење, со целосно транспарентен пристап, што е нов начин на работење во Кисела Вода, успешно ги реализираме проектите што ги ветивме, а воедно ги решаваме и новонастанатите проблеми. Нашите жители веќе чувствуваат голема разлика бидејќи за само десет месеци гледаат реализација на проекти, гледаат дека со правилно менаџирање на нивните средства и во услови на голема економска криза, се решаваат децениски проблеми за кои ниедно претходно раководство немало слух. Во поглед на недовршените проекти од мојот претходник, моравме да ангажираме и надворешна компанија за ревизија. Беа утврдени многу неправилности, многу градби без документи, требаше да стопираме, на пример, донесување ДУП што предвидуваше изградба на 99 згради во Расадник, да спречиме изградба на висококатници во зеленилото во Балаклија. Главно, недовршените проекти на Темелковски ги сопревме, а со тоа спречивме неодговорното однесување во Кисела Вода да продолжи да создава урбан хаос.

**Градежништвото, кое во минатото беше движечка гранка во македонската економија, сега едвај издржува. Дали има Општината план и идеи како да помогне да се зајакне овој сектор во иднина?**

Во поглед на градежништвото и урбанизмот, наш најголем интерес е транспарентноста, хуманото живеење, потребите на жителите на Кисела Вода, како и развојот на компаниите од овој сектор. Во таа насока, ние можеме да дејствуваме со креирање услови за развој на градежништвото, но притоа внимавајќи на хуманото живеење, животната околина, зеленилото и на нормалниот развој на општината. Завршена е практиката од минатите четири години, кога не беше донесен ниту еден ДУП, а оние што се подготвувале зад затворени врати, биле криени во фиоки. Ние, како ново раководство работиме транспарентно и сите ДУП-ови ги објавуваме јавно, а за евентуални измени се консултираме со граѓаните од кои ја имаме довербата. Во таа насока, сакам да нагласам дека градежништвото има простор за развој, но исклучиво во рамки на законските норми, кои предвидуваат задолжително зеленило покрај останатата инфраструктура. Така што, во нашата општина се добредојдени сите инвеститори што се согласни да го развиваат својот бизнис во овие рамки. Што се однесува до ДУП-овите, задолжително ќе се спроведуваат јавни анкети и ќе се почитува целата постапка во согласност со законите, а би сакал да нагласам дека отидовме и чекор подалеку. Првпат по 1965 година, кога била носена одлука за ликот на Скопје, Општина Кисела Вода распиша Меѓународен конкурс за идејно решение за ДУП за Расадник. Во процесот на неговото креирање беше вклучена целокупната експертска јавност од Македонија: Архитектонскиот факултет во Скопје, Комората на овластени архитекти и инженери и Асоцијацијата на архитекти на Македонија, како и граѓаните, кои дваа свои забелешки и сугестии и кои имаат свои претставници и во партиципативното тело. Конкурсот трае до 11 ноември, кога ќе се знае бројот на пријавени трудови и ќе започне процесот на евалуација, кој треба да заврши заклучно со крајот на декември оваа година. За наградите, кои се парични, одлучува 9-члена жири-комисија, во која има и врвен меѓународен експерт од областа на архитектурата и на урбанистичкото планирање.

**Градинките се еден горлив проблем на секоја општина во државата. Како се справувате со големиот број барања за упис и дали очекува општината нова градинка во иднина?**

Интензивно работиме на намалување на

бројот на дечиња што чекаат упис во градинките во Кисела Вода. Сметам дека со отворањето на новите градинки и со проширувањето на капацитетите, овој проблем ќе биде надминат. За прв пат ќе отвориме градинка во Усје за околу 100 дечиња, пред сè, од овој дел на општината. Ја подготвуваме техничката документација и за уште една нова градинка, додека во Драчево, профункционираа јаслите во претходно изградената градинка. За поголемите дечиња, во овој објект чекаме на одобрение за вработувања од Министерството за финансии за да можеме истиот целосно да го искористиме. Паралелно, го проширивме капацитетот на објектот „Синоличка" од ЈДГ „Весели Цветови", а дополнителни 150 дечиња ќе може да прими и објектот „Кокиче".

**Неодамна најавивте одлична идеја, изградба на затворен пазар во вашата општина. До каде е неговата реализација?**

Во процес сме на распишување на тендерска постапка за изградба на модерен затворен пазар, прв од ваков тип во Општина Кисела Вода. Ќе се гради на местото каде што функционираше див пазар со супстандардни услови, без водоводна и санитарна инфраструктура, кој не задоволуваше никакви услови за продажба и купување земјоделски производи. Новиот објект ќе зафаќа површина од 250 метри квадратни и ќе ги исполнува сите стандарди. Покрај тоа, ќе биде и квалитетно естетско решение за овој дел од Кисела Вода, каде што во непосредна близна се паркот Македонија и Домот на културата „Билјана Беличанец". Договорот за финансиско партнерство со Министерството за локална самоуправа е веќе потпишан и по завршувањето на тендерската процедура, ќе започнеме со изградба. Она што сакам да го најавам е дека покрај овој пазар, затворен модерен пазар во периодот што следува ќе добие и Драчево.

**Кои клучни проекти успеавте да ги завршите досега?**

**Многубројни се проектите што ги реализиравме во изминатите десет месеци, но ќе се обидам да издвојам дел од нив. Како еден од поголемите зафати беше проектот за асфалтирање на сите улици во Пржино, како и на голем дел од улиците во Црниче. Претходно, ја асфалтиравме улицата Пушкинова, со краците. Работејќи да постигнеме рамномерен регионален развој на сите месни и урбани заедници низ Општина Кисела Вода, со ваков градежен зафат го опфативме и Драчево, каде што освен 2.500 квадратни метри улици поплочени со павер елементи, во минатиот месец беа санирани петнаесетина локални улици, но и повеќе клучни сообраќајници како „Иван Хаџиниколов", „Румена Хаџипанзова", „Речиште" и „Јанко Мишиќ". Во моментов, во соработка со Град Скопје се одвива еден поголем проект што опфаќа темелна реконструкција на улицата „Славка Динкова", со изградба на атмосферска канализација и со поставување ново штедливо осветлување. Се работи за клучна сообраќајница во должина од околу 1 км, која никој не ја санирал децении наназад. Паралелно, се работи и на продолжувањето на булеварот „Борис Трајковски" до Драчево и на реконструкција на улицата „Живко Фирфов". Впрочем, поголемиот дел од проектите што ги набројав претставуваат решенија на проблеми стари понекогаш и по половина век. Притоа, говориме за фреквентни улици, кои се клучни сообраќајни артерии и за кои е несфатливо како биле оставени на милост и немилост на времето. Со ваков редослед и со сериозен пристап ќе преминеме кон решавање на проблемите во сите останати месни и урбани заедници во Општина Кисела Вода. Добрата комунална инфраструктура е неопходна за сите можни инвестиции, кои пак, го условуваат понатамошниот развој на овој дел од градот. Ова секако ја опфаќа и изградбата на подземна инфраструктура, ќе ги спомнам и проектите што се во тек, како изградба на нова водоводна мрежа долга 1.450 метри на ул. „Илија Ристевски" со краците во с.**



Реализирани се голем дел од ветените проекти а во тек се и нови проекти



Драчево, довршувањето на фекалната канализација во населбата Градинар и изградбата на фекална канализациона мрежа во 11 Октомври Бараки.

Кога зборуваме за реализирани поголеми проекти, морам да ги споменам основните училишта, во кои реализиравме проекти како „Компјутер за секој наставник“ и „Ранче за секое прваче“. За децата со оштетен вид ја опремивме библиотеката на ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ со лектирни изданија напишани со Брајово писмо. Инвестираме и во инфраструктурна обнова на образовните објекти. Во две училишта ги обновивме од темел спортските сали, а реконструкцијата на ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ е во финална фаза, по што ова ќе биде првото целосно инклузивно училиште во Скопје. Во две училишта, изградивме сензорни соби, а обезбедивме и поголем број паметни табли, кои ги распоредивме низ сите училишни објекти. Работиме на отворање нови градинки. Следејќи ги тековите и потребите на современото живеење, изградивме и градиме паркинзи на повеќе локации низ целата општина, на три локации во Расадник, во населбата Драчево, во населбата Цветан Димов и на улицата Ѓорѓи Димитров, до училиштето за слепи лица, чија изградба е во тек. На местото од депонијата кај кружниот тек во Кисела Вода, го изградивме модерниот самоодржлив парк „Иднина“, а во напредна фаза е и изградбата на паркот во месноста Дупки. Инвестираме и во подигнувањето на културата на локално ниво. Културното лето што се одвиваше под насловот „67 години моја Кисела Вода“ понуди квалитетна музичко-забавна програма, која ја проследија околу 30.000 посетители. Ја возобновивме традицијата за фрлање на крстот за Водици, а овој август за сите наши жители овозможивме цела седмица кино на отворено.

За урбанизмот веќе темелно зборував претходно. Работиме и на други проекти, како на пример, на проектот „Моја земја, мој дом“ за откуп на државно земјиште под легализирани објекти и дворно место, на проектот „Стоп за урбаната мафија“ за стопирањето на сите штетни урбанистички планови, како и на проект за вклучувањето на јавноста во креирањето на новиот лик на Општина Кисела Вода, ослободена од лошиот имиџ кој, за жал, долги години беше нејзин заштитен знак.

**Колку вложува општината во спортот и дали планирате да создадете подобри услови во секојдневието за спортистите?**

Инвестирањето во спортот, обновата и


Спортот е од голема важност за младината – Ѓорѓиевски со својот син на спортските терени

изградбата на спортската инфраструктура и поддршката на спортистите се наш влог во остварувањето на подобри спортски резултати и успеси, кои пак значат најголема афирмација на Македонија во светот. Во таа насока, досега реализиравме низа проекти за поддршка на спортот. Ќе ја издвојам целосната обнова на училишната спортска сала во ООУ „Невена Георгиева Дуња", како проект што чинеше четири милиони денари. Во завршна фаза на подготовка на документација сме за изградба на уште една спортска училишна сала. Би ја споменал и помошта за клубовите и за учениците што се талентирани во спортот, која за разлика од минатото, кога одредени спортски таленти биле дискриминирани при доделувањето, сега се дава рамномерно според постигнатите спортски успеси. Голем број од дечињата што добиле финансиска поддршка од Општина Кисела Вода, веќе се вратиле со нови медали и нови успеси, што е наша цел и најголема радост. Поддршката секако ќе продолжи, а јас би сакал да најавам и изградба на два поголеми спортски центри со домашни и со странски инвеститори, но не би изнесувал детали во моментов, сè додека не финишира постапката.

**Граѓаните секојдневно се соочуваат со различни проблеми. Колку има општината слух за своите жители?**

Транспарентното работење и отворените врати на Општина Кисела Вода се клучните нешта по кои сме препознаени во цел овој десетмесечен период. Моите средби со граѓаните се секојдневни. Дел се на терен, дел во Општината, каде што често одржувам приемни денови и за време на викендите, со цел што поголем број од жителите што сакаат да остварат средба да не бидат спречени поради обврски во нивното работно време. Комуницирам со нив и преку социјалните мрежи, секогаш сум достапен за граѓаните. Добрата комуникација со нив значи добра информираност за сè што се случува, за сите новонастанати проблеми, што претставува можност побрзо да се решат. Денес, граѓаните се партнер на општината при креирањето на приоритетите и при носењето на одлуките. Сметам дека тоа е единствениот правилен пат да создадеме општина во која сите ќе сакаат да живеат.

**Учебната година првачињата ја стартуваа со бесплатен ранец и со училиштен прибор доделен од Општината. Што содржеше и колку ја чинеше општинската каса?**

Со проектот насловен „Ранче за секое прваче" израдувавме 625 првачиња од сите основни училишта во општина Кисела Вода. Покрај ранецот, добија и бесплатен училиштен прибор и тетратки, кои им се неопходни за наставниот процес. Им обезбедивме и ранче за спортска опрема за часот по физичко



Ранче за секое дете: „Израдувавме 625 првачиња“

воспитување. Сметам дека ова е солидна помош од нас, како локална самоуправа, за сите семејства што годинава за првпат испраќаат ученик во училиште, со оглед на тоа дека цените на училишниот прибор рапидно растат и годинава се повисоки за дури 50 отсто. За мене, како градоначалник, ова чинеше дел од средствата предвидени за моја репрезентација, кои ги пренаменив токму за вакви цели. Значеше искористување во вистински цели на дел од финансиите што остануваат во општинската каса бидејќи не користам службено возило и гориво. „Ранче за секое прваче“ е само една од мерките со кои се трудиме да им го олесниме секојдневието на нашите жители. Ќе потсетам дека преку донација обезбедивме субвенции за покривање на дел од сметките за електрична енергија за граѓаните од социјално ранливите категории, а го продолжуваме и проектот „Храна за сите“, преку кој обезбедуваме хуманитарни пакети за економски загрозени семејства. Во периодот што следува ќе излеземе и со нови мерки со кои ќе го олесниме живеењето на нашите жители, со што ќе се обидеме да ги ублажиме ефектите од огромната финансиска криза во која се наоѓа Македонија.

**Колку Ве исполнува функцијата градоначалник на Кисела Вода? Успевате ли да одвоите доволно слободно време за себе и за семејството?**

Не можеш да бидеш успешен ако од срце не си ја сакаш работата, посебно ако таа не предвидува работно време и работно место. Работниот ден не завршува никогаш, бидејќи моја канцеларија не е само кабинетот туку секое место каде што се среќавам со моите сограѓани. И на улица, и во маркет, и на пазар, и на прослава. Моќта да создадеш подобри услови за живеење, да ја развиваш средината во која живееш, да дадеш свој потпис на менувањето на имиџот на Општина Кисела Вода е благослов и привилегија дадена од граѓаните. Се трудам максимално да ја оправдам довербата и да им ја вратам вербата дека сѐ може да биде поинаку од претходно. Тоа секако подразбира добро менаџирање на сите сфери од живеењето, вклучително и на времето. Како сопруг и татко, се трудам да му се посветам максимално на семејството, а времето кое го поминуваме заедно да биде квалитетно и исполнето со содржина. А мојата ангажираност кон работата значи дека создаваме на долги патеки подобро место за живеење за сите, вклучително и за моето семејство.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND 'SMART SPECIALISATION'
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



**Панорама на Беровско Езеро**
*Извор: Нина Дуковска*

# БЕРОВО – ШВАЈЦАРИЈА НА БАЛКАНОТ



**Берово – едно од првите места во Македонија каде што изгрева сонцето наутро на исток, доживува сè поголем туристички пробив како кај домашните, така и кај странските туристи. Токму странците, пред сè Бугарите, најмногу поради близината на граничната линија, се најбројни во градот и во околината. Ако предничеа Охрид и Скопје до пред десетина години во привлекувањето гости од сите краишта на државата и пошироко, сега и Берово се вбројува меѓу најсилните „играчи“ на туристичката мапа. Од врвни хотелски комплекси до мали приватни викендички за издавање – околината на Берово станува сè попосетена од година во година.**

**Најисточниот град во земјава што се наоѓа на околу 900 метри надморска височина е вистинска воздушна бања што има многу да им понуди на посетителите.**

Има ли можност беровскиот регион да прерасне во „Мала Швајцарија“ на Балканот? Секако дека да, но неопходно е многу да се работи на нови сместувачки капацитети, инфраструктура, нови ДУП-ови, инвестиции во туристичкиот и во угостителскиот сектор. Потенцијалите се огромни, но само делумно искористени. Таканаречените „бели дробови“ на Малешевијата се добар избор за летување, зимување, наесен, напролет – едноставно во сите годишни времиња. Климата е поостра, што е идеално во жешките летни денови да „се изгубите“ и да се разладите некаде на планина. Во студените летни ноќи може да ви треба и потопла облека и во најтоплите месеци. Сето она што Берово, како туристичко место, може да го понуди, едноставно треба да се види, да се доживее и да се почувствува. Ако сакате вистински одмор и релаксација далеку од градската врева, во прекрасна и во недопрена природа, чист планински воздух и богата гастрономска сцена, тогаш повелете во Берово. Местото е рај за очите и за душата и мелем за белите дробови. Поради чистиот и свеж незагаден воздух, областа околу Беровското Езеро со децении наназад важи за најпосетуваните, особено за најмалите. Вистинска штета е што во последниве години го нема џагорот од детското одморалиште, кое со години во минатото ги збираше на екскурзии и на настава во природа децата од училиштата од целата држава. Неуспешната продажба на детските одморалишта во регионот ќе ја оставиме настрана, но навистина боде очи глетката на урнисаните објекти, пропаднати и обраснати со трева, во околината на езерото и на месноста Суви Лаки, односно на поранешните детски одморалишта „Малешево“ и „Суви Лаки“.

Беровското Езеро не е помалку убаво од езерото Комо во Италија или од Женевското и од Цириршкото Езеро во Швајцарија, а Малешевијата не заостанува по недопрената природа, пред сè густата борова, дабова и букова шума, па нормално се поставува прашањето дали може Македонија да добие една поширока и поатрактивна крајезерска туристичка дестинација по примерот на развиените држави. Општините од Малешевијата да инкасираат повеќе од туристичка такса од посетителите, а населението да добие повеќе можности за работа во градовите и во селата во овој регион, кој предничи по масовното иселување.





**Хотел Манастир**
*Извор: hotelmanastir.com.mk*



# 30.000 ТУРИСТИ СЕКОЈА ГОДИНА ГО ПОСЕТУВААТ БЕРОВО

Засега, според официјалните податоци, Берово секоја година пречекува од 20.000 до 30.000 посетители што преноќуваат и има голем број категоризирани објекти, од кои во општинската каса се инкасираат, просечно за последните 3 години, по 800.000,00 денари. Поголемиот дел од капацитетите се викендички, а Берово располага и со 3 хотелски комплекса. Два се наоѓаат во туристичката населба крај Беровското Езеро, „Аурора ресорт и спа“ и „ВИП хотел“, а еден во градот, хотелот „Манастир“. Сите тие нудат вкусна храна, квалитетно сместување и беспрекорна услуга.

Во последниве десетина години, евидентен е напредокот – нови сместувачки капацитети „никнуваат“ како печурки по дожд, па Берово и околината може да угостат поголем број туристи. Во оваа општина има три туристички населби. Туристичката населба Беровско Езеро од која имате директен поглед кон езерото и која се наоѓа на 6 километри од градот по патот кон граничниот премин Клепало. Туристичката населба Абланица оддалечена 2 километри од градот распространета на двете страни од реката Брегалница содржи најмногу и најатрактивни археолошки локалитети во општината. Таму може да се посети црквата „Св. Петка“ со фрескопис и иконостас изработени од локални уметници. Во моментот во Абланица се изградени над 150 викендици. Абланица е поврзана и со туристичката населба Равна Река во Општината Пехчево, со пешачка патека во должина од 4 километри, преку која минува и пешачката патека Берово – Абланица – Беровско Езеро. Туристичката населба Суви Лаки на 25 километри од Берово на патот кон Струмица, е урбанизирана во 1978 година, содржи 500 викендици, а има можност за изградба на уште стотина викенд-куќи и деловни објекти. Не смее да се занемари и самиот град Берово. Туристичките населби Беровско Езеро и Суви Лаки се урбанизирани, имаат детални урбанистички планови, па заинтересираните инвеститори добиваат дозволи за градба, најчесто на викенд-куќи, кои ги користат за сопствени потреби, но и за издавање. Од кабинетот на градоначалникот Звонко Пекевски велат дека туристичката населба Абланица е во процес на подготовка на документација за изработка на урбанистички план, па во најскоро време се очекува и таа да се прошири со нови атрактивни објекти за сместување. Градската власт уверува дека упорно работи на проекти што се од интерес за граѓаните, но и за подобрување на имиџот на Берово како туристичка дестинација.

**„Општина Берово постојано инвестира и вложува, особено во делот на комуналната инфраструктура, по приоритети истакнати од граѓаните, секако според можностите во буџетот. Вложувањата во двете туристички населби, најчесто се сведуваат на подобрување на комуналната инфраструктура и хигиена, како и на урбанизација и подобрување на условите за рекреативен туризам“**, вели првиот човек на градот Берово, Звонко Пекевски.

**Хотел Aurora Resort & Spa**
*Извор: Aurora resort*






**Музеј на град Берово**
*Извор: Maleshnet.mk*

# МУЗЕЈ НА ГРАДОТ БЕРОВО

Сите се согласни дека секоја туристичка посета на Берово треба да започне од центарот на градот или поточно од Музејот на Берово. Градот што ги слави достигнувањата на предците од регионот – Дедо Иљо Малешевски, Димитар Поп Георгиев Беровски и Никола Русински – создал музеј што ги одбележува најзначајните моменти од историјата на овој предел. Можеби најголем дел од населението во Македонија не е запознаено со поставките на музејот, но тоа не е случај со учениците од сите градови и села во земјава.

**„Музејот на градот Берово е доста посетен музеј, каде што најчести гости се групи деца од училишна возраст, како и разни други групи домашни и странски туристи. Заедно со двата дела на етнолошката и на историската поставка, претставува местото каде што би требало да го почнете запознавањето со Берово. Сместен е во прекрасна зграда во самиот центар на градот, која е реконструирана во духот на оригиналната архитектура од крајот на 19. век, за која беровчани се сентиментално врзани, бидејќи е една од препознатливите елементи на градот. Исто така, значајно е што во неа било отворено првото народно училиште, а бил формиран и првиот народно-ослободителен одред за Берово. Во Музејот на градот Берово се одржуваат културно-уметнички манифестации: концерти на камерни оркестри и изложби на уметнички дела“,** велат од Општина Берово.

Од историските поставки во музејот се издвојуваат документите и предметите од времето на Дедо Иљо Малешевски, Никола Петров Русински, Димитар Поп Георгиев Беровски, Разловечкото востание, развојот на Малешевијата помеѓу двете Светски војни и развојот на Малешевијата по Втората светска војна. Во музејот можат да се најдат и антички и средновековни монети, кои зборуваат за економскиот развој и трговските односи на Малешевијата, како и за постоење на римска цивилизација во оваа област. Етнолошката поставка содржи реконструкција на малешевска соба, малешевска носија, малешевски накити, грнчарско производство, музички инструменти и реконструкција на малешевска ковачница.

# МИР И ТИШИНА, НО И МОЖНОСТИ ЗА СПОРТСКА РЕКРЕАЦИЈА

Потегот околу Беровското Езеро, поточно шумата околу езерото им нуди бројни можности на туристите. Езерото им овозможува на љубителите на спортскиот риболов услови за рекреација. Изобилува со разновидни риби, меѓу кои и пастрмката, крапот, кленот, мрената, карасот. Голем е бројот на посетители, претежно од Холандија и од другите земји од Бенелукс, како и од скандинавските држави, кои се воодушевени од убавините што ги нудат Малешевските Планини. Она што особено ги изненадува домашните туристи, а е интересно и за странците е „колибарењето". Се работи за целосно доживување што гостите може да го искусат во селата – да се запознаат со начинот на кој некогаш живееле нашите предци. Тие помагаат во одгледувањето на стоката, правењето сирење, собирањето сено за зима. Недопрената природа, пак, дава многу можности, па се повеќе туристички агенции нудат тури за странците низ планините што вклучуваат берење диви малини и капини, шумски јагоди, различни видови печурки, лековити билки, чаеви. Планината овозможува и занимавање со повеќе спортови: планинарење, офроуд-кампинг, возење четирицикли и џипови, планински велосипедизам. Најбројни се инвестициите токму во планинскиот велосипедизам. Пред неколку години, преку „Проектот за локална и за регионална конкурентност" поддржан од Светската банка и од ЕУ, беа набавени 25 велосипеди за деца и за возрасни и соодветна опрема за планински велосипедизам, беа обучени водичи за спроведување велосипедски тури во планина, набавена гоу-про камера за креирање промотивни видеа и слики, изработен промотивен материјал, како и веб-страница преку која сите заинтересирани може да се информираат за услугите и за понудите и која обезбедува насоки за индивидуално



**Кампување на Беровско Езеро**
*Извор: Ана Јаневска*

користење на велосипедските патеки. Патеките се добро обележани, со поставени маркери, патокази и мапи. Туристичките агенции, но и поголемите хотелски комплекси како „Аурора ресорт и спа" и „Манастир" организираат тури со изнајмени велосипеди и кајаци, посета на овчарска фарма, јавање коњи, посета на винарија и дегустација на вина. Во склоп на „Аурора ресорт и спа" функционира и мини зоолошка градина.

**Планински велосипедизам низ Малешевијата**
*Извор: ХотелМанастир*



# ГАСТРОНОМИЈАТА – ЕДЕН ОД ГЛАВНИТЕ АДУТИ НА МАЛЕШЕВСКИОТ РЕГИОН

Надалеку се прочуени специјалитетите по кои Малешевијата е позната на полето на гастрономијата. Квалитетниот планински боров мед, беровското сирење, белиот компир, киселото млеко, клиси со праз, буламач, леб печен во фурна на дрва, качамак со ребра – ова се само дел од деликатесите што предизвикуваат вистинско гурманско уживање. Во најголем дел од угостителските објекти во Берово, доминира традиционалната храна направена по рецептите на бабите и на прабабите од малешевскиот крај. Производителите на традиционални гастрономски специјалитети, Општината ги промовира најчесто преку Саемот на локални производи „Малешевијата на дланка“, кој традиционално се одржува секоја година на крајот на месец август.

**„Во централното градско подрачје, се наоѓа туристички информативен центар, каде што можат да се купат сувенири и ракотворби, а и да се најдат летоци и брошури за богатата туристичка и гастрономска понуда. Во летниот период, во непосредна близина на пунктот, по барање на производителите, општината одобрува користење на јавната површина за поставување штандови, каде што можете да ги најдете нивните локални производи“**, велат од Општина Берово.





**Малешевски производи**
*Извор: Општина Берово*




**Културните настани промотори на туризмот**
*Извор: Општина Берово*

## КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ ГО „РАЗВИВААТ“ ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОТ

Организацијата на културни настани придонесува беровчани,но и жителите од околината и заинтересираните туристи, да се соберат во градот и помасовно да ја посетуваат и околината. Фестивалот „Етно плоштад“ е најголема манифестација и подвижен музеј на она најубавото, исконското, непроценливо, фолклорно богатство. Убаво дополнување на настанот дава и Саемот на традиционални производи „Малешевијата на дланка“, кој се одржува во склоп на фестивалот, а каде што може да се најдат ракотворби, сувенири и резби изработени на традиционален начин. Особено интересна е и традиционалната прослава за одбележување на големиот христијански празник Велигден, за избор на најубаво и најцврсто јајце – „качор“ на беровскиот плоштад, како и 1.000 години старата традиција на карневалот „Ратевски бамбурци“, каде што облечените под страшни маски против злите души, со црни прсти против страшни болести, со силен екот против лошотиите, го истеруваат злото од Малешевијата, за подобро утре, за поздрава и поплодна година.

**„Поголеми манифестации се исто така и традиционалната прослава за празникот Илинден, Владимирски илинденски средби, која во овој период од годината, ги враќа жителите од с. Владимирово во родното место, од сите страни. Постојано работиме на унапредување на културниот туризам, има различни културни манифестации и фестивали на отворено, со поддршка на Општината, а кои најчесто ги организираат здруженија на граѓани“,** велат од Општина Берово.

## ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН „КЛЕПАЛО“ ЧЕКА ПОДОБРИ ДЕНОВИ

Еден од клучните проекти што е итен и неопходен за влез на повеќе туристи, пред сè од Бугарија, е отворањето на граничниот премин Клепало. Со години ветуван од секоја власт, ниту една не успеа да ги израдува беровчани и да го отвори преминот. Поголемиот проблем е на бугарска страна бидејќи Бугарија нема изградено пат до границата со Македонија. Шестата мешовита комисија меѓу двете држави интензивно работи на проектот, но барем засега сè е останато само на најави. Од наша страна, преку Програмата за прекугранична соработка INTEREG IPA Бугарија – Македонија, која има компонента за стратешко финансирање проекти од национален интерес во пограничниот регион, предвидени се средства за реконструкција на инфраструктурата на граничниот премин „Клепало“.

# ДУРБИН



## ПРОБЛЕМИ СО ГАСОТ ВО ГЕРМАНИЈА ВО ПРЕСРЕТ НА ЗИМАТА

Како што наближува зимата, Германија прави сè за да заштеди природен гас. Процените се дека резервоарите за складирање моментално се полни 90%.

Германскиот министер за економија, Роберт Хабек, изрази оптимизам дека земјата ќе успее да ја пребroди зимата.

„Во целост, доста добро се справивме со ситуацијата“, изјави Хабек пред медиумите во Берлин. Тој рече дека доплатата за гас ќе стапи на сила како што е планирано, на 1 октомври.

Министерот оценува дека доплатата е неопходна за да им се обезбеди финансиски интегритет на сите даватели на енергија во Германија.

„Државата ќе направи сè што е потребно за да ги одржува компаниите стабилни на пазарот во секое време“, рече тој, додавајќи дека давачката за гас е механизам што им овозможува на компаниите однапред да ги покријат повисоките трошоци.

Германија прави сè за да заштеди природен гас



# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

## ОСВЕТЛУВАЊЕТО НА АЈФЕЛОВАТА КУЛА ЌЕ СЕ ГАСИ ЗАРАДИ ЗАШТЕДА НА СТРУЈА

Осветлувањето на Ајфеловата кула ќе се гаси порано заради заштеда на енергија. Светлата на кулата ќе бидат изгаснати околу 23:45 часот, а станува збор за повеќе од 300 проектори што ја осветлуваат главната туристичка атракција во Париз.

Целта на овој план е заштеда на струја и енергија, а зад овој предлог стои градоначалничката на француската метропола, Ан Идалго.

Заштедата на енергија е предизвикана од енергетската криза во Европа. Ваквиот развој на настани може да се смета за преседан поради тоа што Париз е познат како Градот на светлината, а Ајфеловата кула го дефинира ноќниот живот на метрополата, пишуваат дел од европските медиуми.

Една од најпосетуваните атракции во светот, обично е осветлена до 1 часот по полноќ, а покрај тоа, свети пет минути на секој час до самрак, благодарение на 20.000 треперливи светилки, пишува „Гардијан“ и додава дека во четвртокот вечерта, осветлувањето на кулата била исклучена поради смртта на кралицата Елизабета Втора.

Ноќното осветлување на кулата чини 4% од нејзината годишна потрошувачка на енергија. Кулата, која е завршена во 1889 година, сега повторно, по ковидот, има повеќе од 20.000 посетители дневно.

Во меѓувреме, и другите градски власти низ Европа го намалуваат ноќното осветлување на важни локации.

Светлата на Ајфеловата кула ќе бидат угаснати околу 23:45 часот



# ММФ ПРЕДУПРЕДУВА НА МАСОВНИ ПРОТЕСТИ АКО НЕ СОПРЕ РАСТОТ НА ИНФЛАЦИЈАТА!



**Седиштетот на ММФ**
*Извор: afp*

Луѓето низ светот ќе почнат да излегуваат на улица ако не преземеме соодветни мерки и не го спречиме растот на инфлацијата. Шефицата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Кристалина Ѓеоргиева, за Си-ен-ен вели дека граѓаните низ светот поминаа тежок период и серија кризи. Предупреди дека ако останат и без чувството дека ќе преживеат, тогаш останува само улицата.

„Ако не можеме да го заштитиме чувството за преживување и чувството на солидарност, тоа е она што ќе се случи“, предупреди таа. Ќе има „луѓе на улица“ на глобално ниво доколку не се преземат чекори за заштита на најранливите од инфлација.

Таа објасни дека уфрлањето пари во економиите со владини интервенции одат во спротивна насока од заложбите на монетарната власт да се намали инфлаторното движење.

# ШТО ИМА ЗАЕДНИЧКО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ЕЛИЗАБЕТА ВТОРА СО ВЛАДЕЕЊЕТО НА НЕЈЗИНАТА ПОЗНАТА ПРАПРАБАБА ВИКТОРИЈА?

Побожност, долговечност и – за Британците – чувство на стабилност среде историските перипетии: владеењето на Елизабета Втора има многу заедничко со она на нејзината позната прапрабаба Викторија.

При раѓањето, ниту на Викторија ниту на Елизабета не им беше судено да ја носат круната со оглед на нивното место во редот на наследството. Сепак, тие ја исполнија улогата што им беше доверена од сплетот на околностите, и по извонредно долго време на тронот, се сметаат за олицетворение на британската величина.

Стилот карактеристичен за владеењето на Елизабета Втора, заснован на чувство на должност, без објаснување или жалење („Никогаш не објаснувај, никогаш не се жали“), бил директно инспириран од стилот на нејзиниот славен претходник, кој ревносно владеел со Обединетото Кралство 63 години и 216 дена, време недостижното за многу монарси.



Елизабета Втора и нејзината прабаба Викторија

По смртта на нејзиниот сопруг принцот Филип во 2021 година, Елизабета Втора се појавуваше помалку во јавноста, исто како и Викторија по смртта на нејзиниот сопруг, принцот Алберт од Саксобурготски во 1861 година.

Исто како и нејзината прапрабаба, чие име денес го носат градови, територии, планини, езера и згради низ целиот светот, Елизабета го впиша своето име на глобалниот пејзаж – од огромните пространства на Антарктикот до канадските острови, не заборавајќи го британскиот најголем воен брод.

И една последна референција: за време на нејзиниот државен погреб, ковчегот на Елизабета ќе биде поставен на кочијата со пиштоли, традиција воспоставена во времето на нејзината прапрабаба Викторија.

## ПАПАТА ФРАНЦИСК ПОБАРА ОД ИТАЛИЈАНЦИТЕ ДА ИМААТ ПОВЕЌЕ ДЕЦА

Папата Франнциск побара од Италијанците да ја зголемат стапката на наталитет.Италија е меѓу државите со најниска стапка на наталитет во светот и папата често зборува на таа тема, со оценка дека тоа е „демографска зима“.

„БИ САКАЛ ОД ИТАЛИЈАНЦИТЕ ДА ПОБАРАМ ДА ИМААТ ПОВЕЌЕ ДЕЦА“, ПОРАЧА ПАПАТА ОБРАЌАЈЌИ ИМ СЕ НАВЕРНИЦИТЕ ПО МИСАТА ВО ГРАДОТ МАТЕРА НА ЈУГОТ НА ИТАЛИЈА.

Папата Потсети дека денес во календарот на Католичката црква е светски ден на мигрантите и бегалците, порачувајќи им на мигрантите дека треба фино да бидат дочекани и интегрирани во општеството.

## РЕКТОРОТ МИЛЕНКОВСКИ ВО СОФИЈА СО ПЛАКЕТА ОД АКАДЕМСКА СВЕЧЕНОСТ ПОДДРЖАНА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ РАДЕВ

Делегација на Универзитетот за туризам и менаџмент учествуваше на пригодна свеченост организирана од Универзитетот за телекомуникации и пошти од Софија, Бугарија, по повод започнувањето на академската 2022/2023 година и дипломирањето на Класот 2022. На проф. д-р Аце Миленковски, ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, му беше доделена плакета во знак на благодарност за воспоставената соработка меѓу двата универзитета. На свеченоста на оваа реномирана високообразовна установа, почесен гостин беше и претседателот на Бугарија, г-н Румен Радев.

Формиран во 1881 година како поштенско училиште, со декрет на кнезот Александар I, претходникот на денешниот Универзитет за телекомуникации и пошти од Софија, беше најава за клучната улога што ќе ја играат комуникациите во следниот век. По 141 година од неговото формирање, историјата потврди дека комуникациите се основата за каков било индустриски развој.

Секогаш во чекор со последните трендови и потреби на општеството, Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, високообразовна институција што е веќе 17 години посветен на знаењето, ги интегрираше информатичките науки во студиите што ги нуди со формирањето на Факултетот за информатика.

Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје е насочен кон создавањето туристички работници, економисти и финансиски експерти, менаџери на човечки ресурси и софтверски инженери. Заемно препознавајќи ја клучната улогата на комуникациите и на технологијата во секој сектор од денешното општество, годинава на 8 јуни, двата универзитета потпишаа Меморандум за соработка обврзувајќи се да работат на воспоставувањето и на изведувањето заеднички магистерски, докторски и хибридни студии во областа на информатичките науки.

**Срдечен поздрав меѓу ректорот на УТМС, проф. д-р Аце Миленковски и претседателот на Бугарија, г-н Румен Радев**



# ТУРИЗМОТ НА КОЛЕНА – НА ФИРМИТЕ ИМ СЕ ЗАКАНУВА КЛУЧ, А ДРЖАВАТА БЕЗ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА СПАС НА СЕКТОРОТ



Од 1 јануари туризмот беше во минус, но со работењето во јули и во август, во екот на сезоната, успеавме да дојдеме на позитивна нула. Прашањето останува што ќе правиме до крајот на годината? Заштедите на сите им се потрошени, кредитите се искористени за да се исплатат плати на вработени. Не остануваат воопшто пари за нови инвестиции, маркетинг или реновирање. Едвај остануваат пари за да се пречкаат нови гости, кои не се ниту најавени, вели претседателот на ХОТАМ, Крсте Блажевски. Тој во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент објаснува дека државата треба итно да се вклучи со идеи и со промена на законски решенија за спас на овој сектор, бидејќи според него, им се заканува клуч на врата на многу фирми. Оваа тешка зима може да значи колапс за секторот туризам, предупредува Блажевски.



**Хотели оддалечени 50 метри од охридската ривиера не смеат да имаат фотоволтачни системи**
*Извор: metropol.com.mk*



Хотелиерскиот и угостителскиот бизнис ја затвори летната сезона со позитивна нула, но неизвесен е крајот на годината. Се заканува тешка зима, каде што покрај зголемените цени на храна, струјата ќе биде најголемиот товар за овој сектор. Најавуваат и затворање на компании ако власта не излезе со одредени мерки и измени на старите законски решенија. Имено, според постојниот закон за електрична енергија донесен уште во време на осамостојување на државата, не се дозволува изградба на фотоволтаични системи на хотели ако се оддалечени 50 метри од брегот на езерото. Ова според здружението ХОТАМ е сериозен проблем, бидејќи објектите трошат многу електрична енергија, а профитот е сè помал. Најавуваат нови цени на хотелските и на угостителските услуги поради зголемените цени на сите производи, но стравуваат дека тоа уште повеќе ќе го намали интересот на гостите. Хотелите ем бараат начин да инвестираат за да си ги намалат сопствените трошоци во најголемата криза ем власта не им помага ниту со законско решение.

**„Ова лето со туристите работевме со стари цени, бидејќи аранжманите беа продадени пред да почне драстичното зголемување на цените. Од 1 јануари овој сектор е во минус, но со работењето во јули и во август, во екот на сезоната, успеавме да дојдеме на позитивна нула. Прашањето останува што ќе правиме до крајот на годината? Заштедите на сите им се потрошени, кредитите се искористени за да се исплатат плати на вработени. Не остануваат воопшто пари за нови инвестиции, маркетинг или за реновирање. Едвај остануваат пари за да се пречкаат нови гости, кои не се ниту најавени. Овој сектор во периодот до идното лето живее од семинари, но со новите цени, прашање е дали ќе има интерес за организација“,** вели Крсте Блажевски, претседател на ХОТАМ.

**„Единствената помош која е оставена од државата за нас е преку Агенцијата за туризам, а од неа не добиваме речиси ништо“,** вели Блажевски. **„Освен саемите за туризам што се организираат повремено во**

**некои други држави, немаме никаков бенефит. Немаме ниту реклами од нивна страна, а кои би ни помогнале за добиеме нови странски туристи. Сите договори што се направени со туроператори се од пред неколку години и нема нови“,** посочува претседателот на ХОТАМ. Дополнителен проблем е и тоа што нема нови чартер линии за нови дестинации што ќе донесат и дополнителни странски туристи, а нема ниту најава  од Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Тој додава дека помош нема ниту од македонските туристички агенции, кои немаат воопшто интерес да работат со домашни капацитети надвор од летната сезона. Блажевски вели има многу начини и идеи да реализираат неколкудневни тури за повозрасни граѓани, странски и домашни, а кои ќе донесат профит како за агенциите, така и за туристичкиот бизнис.

Сериозен  проблем е и автопатот Кичево – Охрид , кој се гради веќе 8 години. Блажевски посочува дека овој застој ги брка странските туристи, но и домашните. Досега имале многу жалби од гостите дека патувале со саати до Охрид и поради тоа не појавиле повторно интерес за градот.

Блажевски смета дека постојат многу начини како може да помогне државата да се зголеми бројот на туристи во нашата земја. Тој посочува дека треба да се изградат спортски сали за тренинг според потребите на секој град, но најважно е да се реновира базенот во Охрид, каде што ќе можат младите да тренираат, а со тоа ќе се организираат и повеќе натпревари.  Да се донесе инвеститор што ќе изгради трговски центар во Струга или, пак, во Охрид, со што ќе се привлечат дополнително туристи во текот на целата сезона.

**„Постојат многу начини да се привлечат туристи. Да се организираат натпревари, може и трки со автомобили во Дебарца, кои ќе донесат посетители заедно со учесниците. Тоа се само идеи што треба државата да ги реализира. Не може да живееме само 2 месеца во годината. Ако има повеќе организации на настани, ќе живеат повеќе сектори и ќе има повеќе економски бенефит за сите“,** вели Блажевски.

Потребно е да се понудат кредитни линии за големи инвестиции, со конкретни идеи и одржливи решенија за целиот туризам во Македонија.







**Неизградениот автопат ги брка туристите**
*Извор: nezavisen.mk*

**„Конкретно за Охрид и за Струга, наместо да се градат згради за продажба на приватни станови и да имаат бенефит само одредени лица, треба да се изградат луксузни вили со базени на самиот брег по езерото, да се олеснат законските решенија за изградба на базени во хотелите“,** посочува Блажевски. Тој смета дека е од особено значење да се уредат плажите на охридско-струшкото крајбрежје, кои се особено важни за туризмот во државата во летниот период.

**„Државата и системот треба да се променат од корен за да може бизнисот да работи и да има економски бенефит во оваа држава“,** смета претседателот на ХОТАМ. **„Со секое доаѓање на нова влада, нема конкретни мерки за компаниите. Тие се едноставно препуштени да се снаоѓаат сами во целото сивило“, вели Блажевски. „Се носат закони за поголеми давачки, кои додаваат само товар врз и онака веќе истрошениот буџет на фирмите. Ако нема свест за подобрување на работата на економските субјекти, ќе потоне целата економија во државата, бидејќи македонското стопанство е двигателот на живејачката во оваа земја“,** завршува Блажевски.

Инаку според последните податоци на државната статистика, лани, бројот на туристи во земјава надминал 700.000. Од нив 58,2% се домашни туристи, а 41,0% се странски туристи. Во споредба со претходната година, во 2020 е забележано зголемување на странските туристи за 148,7%. Бројот на ноќевања е 2.313.543, од кои 71% се домашни туристи, а околу 29% се странски туристи.  Споредбено со претходната година, бројот на ноќевања на странските туристи е зголемен за 165,1%. Најбројни од странските туристи се гости од соседството, но и Холанѓани, Полјаци и Турци.

Блажевски посочува дека во Македонија во текот на летната сезона вкупниот процент на исполнетост не надминува 50%, за разлика од другите земји, кои во оваа година успеале да стигнат и до 80%.

**Наместо станови за продажба, треба да се градат луксузни вили кои ќе донесат нови странски туристи**
*Извор: adventurous-travels.com*



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## Н. Е. МАРИЈА ПЕТРОВИЌ

Амбасадорка на Црна Гора







# ПЕТРОВИЌ: ЌЕ ЈА ЗАСИЛИМЕ ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ ЦРНА ГОРА И МАКЕДОНИЈА

**„Од сите живописни природни богатства со кои изобилува вашата земја, би ја издвоила Преспа, скриената убавина, која со своите импресивни планински масиви, гордо го чува едно од најстарите езера во Европа. Неодоливо ме потсетува на мојата Црна Гора, а има и симболично значење од аспект на црногорско-македонските историски и културни врски“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент амбасадорката на Црна Гора, Марија Петровиќ.**

**Почитувана амбасадорке Петровиќ, Црна Гора повеќе од една деценија го оди патот кон полноправно членство во ЕУ. Нашата земја допрва треба да го отпочне овој процес. На кој начин Црна Гора, преку билатерална соработка, може да го сподели со нашата земја своето досегашно искуство во однос на преговорите, за да може заемно да си помогнеме на овој значаен пат?**

Црна Гора оваа година одбележува десетгодишнина од формалниот почеток на пристапните преговори со Европската Унија, што ја прави држава-кандидат со најголемо


Н. Е. Марија Петровиќ - Амбасадорка на Црна Гора

искуство и со најмногу научени лекции во овој процес. Во наведениот период беа постигнати значајни резултати, а во исто време црногорските институции и општеството во целина се соочија со предизвици што произлегуваат како од самата природа на преговарачкиот процес, така и од неизбежните промени низ кои помина самата Унија низ годините. Денес, по десет години, Црна Гора ги отвори сите преговарачки поглавја, некои од нив успешно се затворени, додека во останатите е постигнато завидно ниво на напредок во насока на исполнување на неопходните завршни мерила.

На патот кон полноправно членство во ЕУ, како клучна стратешка цел на нашите земји, покрај постигнувањето индивидуални резултати, од исклучителна важност е и подобрувањето на регионалната соработка и на добрососедските односи, области во кои односите меѓу Црна Гора и РС Македонија претставуваат еден од најпозитивните примери во регионот. Во таа насока, Црна Гора од самиот почеток даде недвосмислена поддршка, како во контекст на остварување на полноправното членство на РС Македонија во НАТО, каде што денес може да се пофалиме со многу успешна сојузничка соработка, така и во однос на европската интеграција, како механизам за трансформација на целокупното општество и за остварување поквалитетен живот на граѓаните како заедничка цел.

Еден од механизмите што дава основа за остварување соработка и комуникација во оваа област, секако е и важечкиот Договор за соработка меѓу Црна Гора и РС Македонија на полето на европската интеграција, а се планира и динамизирање на соработката на преговарачките тимови. Истовремено, на ниво на надлежните институции се остваруваат редовна комуникација и соработка во областите што се од особено значење за процесот на европската интеграција, како што се внатрешните работи, владеењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, итн.

Убедени сме дека континуирано изразената подготвеност на црногорските институции да ги споделат стекнатите знаења и искуства со своите македонски колеги ќе придонесе за побрз и полесен напредок на европскиот пат, сега кога по неправедното и неосновано одложување се исполнети условите РС Македонија официјално да го започне процесот на скрининг и преговори со ЕУ.

**Како две земји што доаѓаат од еден некогашен заеднички сојуз и кои споделуваат слични вредности, задоволни ли сте како се одвива досегашната заемна соработка, како на билатерален, така и на економски план? Има ли можност соработката да се продлабочи, особено во овие економски турбулентни времиња?**

Исклучително блиските односи меѓу Црна Гора и Македонија, кои никогаш во историјата не биле оптоварени со ниту едно отворено прашање, во целиот период, прво од стекнувањето на македонската, а потоа и од обновувањето на црногорската независност, но и порано, за време на соживотот во заедничката држава, се карактеризираат со отвореност, меѓусебна доверба и пријателство. Потврда за квалитетот на меѓусебните односи, меѓу другото, претставува исклучително фреквентниот политички дијалог и одличната соработка, како на највисоко политичко, така и на експертско, работно ниво.

Освен заедничките стратешки и политички приоритети, како што се понатамошната изградба на мултиетничко општество засновано врз европски вредности, членство во ЕУ и продлабочување на блиските односи во рамки на НАТО, Црна Гора и РС Македонија дополнително ги зближуваат и сличните предизвици, како на внатрешен, така и на надворешно-политички план.  Тука, посебно би сакала да нагласам дека во овие турбулентни времиња кога глобалниот мир, стабилноста и поредокот се сериозно потресени од руската агресија врз Украина, со меѓусебна поддршка и преку заеднички активности Црна Гора и Македонија јасно и недвосмислено ја изразија својата подготвеност, како сојузници, да придонесат за одбрана на заедничките европски и трансатлантски вредности, партнерство и демократија.

На билатерален план, економското и инфраструктурното поврзување се едни од приоритетните цели, чија реализација треба да се истакне во наредниот период, како предуслов за подобрување на квалитетот на живот на сите наши граѓани и за економско зајакнување на двете земји. Покрај зајакнувањето на меѓусебните економски врски, еден од начините за постигнување на овие цели е и реализацијата на заеднички проекти насочени кон подобро искористување на расположливите финансиски средства од ЕУ и од други меѓународни фондови.

**Кога сме кај економијата, што може да направат македонските власти за да привлечат што поголем број инвеститори и бизниси од Црна Гора?**

Како што веќе беше споменато, економијата претставува една од областите во кои има простор за интензивирање на соработка меѓу нашите земји. Сегашниот обем на меѓусебната економска и трговска размена не е на реалното можно ниво и секако дека може и треба да се зголеми во наредниот период. Во таа насока, надлежните црногорски и македонски институции работат на поврзување на економскиот сектор и бизнис-заедницата, со цел унапредување на економската соработка и на трговската размена, истовремено разгледувајќи ја можноста за потенцијален заеднички настап на трети пазари.

На овој план се реализира директна комуникација меѓу стопанските комори на двете земји, како и секторска соработка во конкретни економски области. За тоа, во голема мера придонесува воспоставената практика на редовно одржување на бизнис-форуми и размена на посети на стопански делегации, кои генерално се организираат истовремено со посети на највисоко политичко ниво, како и во рамки на заедничките владини седници. Ова дополнително ја потврдува политичката определба и посветеност на двете земји кон постигнување конкретни и опипливи резултати во оваа област.

Со воспоставување директна комуникација меѓу надлежните институции, со посредство на Амбасадата на Црна Гора во Скопје, се создаваат услови за склучување меѓусебни договори за соработка, презентација на заемниот инвестициски и деловен потенцијал и размена на потребни информации за клучните аспекти на меѓусебната економска соработка, како и за економските показатели и карактеристики на правно-институционалната

рамка и на деловното опкружување во двете земји.

**Црногорското приморје е навистина атрактивна дестинација за македонските туристи. Што ја прави Црна Гора привлечна туристичка дестинација? Дали можеби ни недостига директно авиоповрзување за да се зголеми бројот на туристи од двете земји?**

Туризмот е наша стратешка економска гранка, со значајно учество во вкупниот бруто домашен производ на нашата земја, поради што континуирано преземаме активности насочени кон подобрување на квалитетот и различноста на туристичката понуда. Црна Гора е препознаена како атрактивна туристичка дестинација, како на регионално ниво, така и многу пошироко, за што секако придонесува нејзиното богато историско и мултикултурно наследство, разновидноста на природните ресурси и автентичната гастрономија. Сето ова, заедно со препознатливото црногорско гостопримство и блискоста на нашите народи, ја прави Црна Гора атрактивна дестинација за туристите од регионот, вклучително и од РС Македонија.

Македонските туристи од година во година се сè поприсутни во Црна Гора. Иако степенот на туристичка размена сè уште не е на посакуваното ниво, вашата земја спаѓа во првите десет емитивни пазари кога станува збор за бројот на туристи и остварени ноќевања во 2021 година во Црна Гора. Секако, во следниот период очекуваме интензивирање на туристичката размена, за што, меѓу другото, придонесуваат редовните промотивни кампањи во РС Македонија, вклучително и регионалната кампања „Roadshow" што ја спроведува Националната туристичка организација на Црна Гора во соработка со локални туристички организации. За зголемувањето на туристичката размена меѓу нашите земји секако би придонело подобро инфраструктурно поврзување, што претставува еден од клучните приоритети на нашата билатерална агенда, вклучително и изнаоѓање начин за повторно активирање на директната авиолинија.

За жал, настаните во изминатите три години, пандемијата на корона вирусот, а потоа и војната на територијата на Европа, ја покажаа ранливоста на туристичкиот сектор, но во исто време нè потсетија на важноста да се фокусираме на регионалните пазари и на





**Будва, Црна Гора**
*Извор: immigrantinvest.com*



неопходноста од зајакнување на регионалната соработка во туризмот, што секако ќе биде во фокусот на нашите активности во наредниот период.

**На функцијата амбасадор на Црна Гора во Македонија стапивте пред нешто повеќе од три години. Дали се навикнавте веќе на македонското секојдневие? Што Ви оставило најголем впечаток во нашата земја, од аспект на храната и на природните убавини? Дали се Македонците гостопримлив народ? Каква е Вашата перцепција за нашата земја?**

Исклучителна чест и задоволство е да се извршува функцијата амбасадор на Црна Гора во пријателска земја. Македонија искрено ја доживувам како мој втор дом, и тоа не само поради македонското гостопримство и традиционалната блискост на нашите граѓани, туку и поради богатите меѓудржавни културно-историски врски. Приватно, за вашата земја ме врзува дел од моето потесно семејство што живее овде, убавите спомени од моето детство и децениското пријателство со многу драги и прекрасни луѓе.

Од сите живописни и прекрасни природни богатства со кои изобилува вашата земја, би ја издвоила Преспа, скриената убавина, која со своите импресивни планински масиви, гордо го чува едно од најстарите езера во Европа. Неодоливо ме потсетува на мојата Црна Гора, а има и симболично значење од аспект на црногорско-македонските историски и културни врски. Имено, Преспа сведочи за историската, илјададогодишна љубов, обединета во незаборав, помеѓу црногорскиот принц Владимир и принцезата Косара, ќерка на македонскиот цар Самоил. Култот за Светиот Владимир не се развил само кај Црногорците, каде што денес успешно одговара на концептот на мултикултурното, мултиетничкото и мултирелигиското граѓанско општество, кај Македонците (Јован Владимир), туку и кај Албанците (Shën Vladimiri), кај Хрватите и Бугарите (Иван Владимир). По тој повод, оваа година во април, претседателите на Црна Гора и на РС Македонија, г-н Мило Ѓукановиќ и г-н Стево Пендаровски, во Црна Гора, во Бар, свечено отворија спомен-обележје на Владимир и на Косара, подарок од вашата земја за Црна Гора, кој ги симболизира нераскинливите вековни врски меѓу граѓаните и нашите држави.












**Инфлација**
*Извор: Reuters*



# ИНФЛАЦИЈАТА НЕПРИЈАТЕЛ БРОЈ ЕДЕН ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ

Инфлацијата во земјава, регионот, Европа и во светот продолжува да расте до рекордно високо ниво. Граѓаните од ден на ден се во постојан страв од тоа што ќе донесе иднината поради драстичниот раст на цените на производите и на услугите. Пандемијата, конфликтот меѓу Русија и Украина, вклучително и прекините на синџирот на снабдување, предизвикаа долготрајни ефекти врз незапаметени високи стапки на инфлација.

Инфлацијата значи зголемување на цените во целата економија. Кога инфлацијата расте, потрошувачите треба да потрошат повеќе пари за да ги купат истите стоки и услуги. Неопходна е стапка на инфлација што не е премногу висока и не е премногу ниска за да се поттикне трошењето меѓу бизнисите и потрошувачите и за да се поддржи основната линија на економски раст. А, премногу инфлација сугерира дека е економијата во сериозна неволја.

Во вакви услови, поради притисокот од стопанството и незадоволството на граѓаните, државите носат различни мерки за поддршка. Трансфери за најранливите категории граѓани, пониски даноци, регулација на цените – сето тоа е дел од мерките што ги преземаат европските земји за зауздување на високата инфлација.

Во оваа анализа ќе направиме компарација на стапките на инфлација во нашата држава, земјите од регионот, но и во европските земји. Земјите во Европа не се исто погодени од инфлацијата, во некои има висока, во некои земји пониска инфлација, со што ударот врз стопанството и граѓаните секако е различен, зависно од стандардот на земјите.

# КОМПАРАЦИЈА



## ГОДИШНА ИНФЛАЦИЈА ВО ЕВРОЗОНАТА ВО АВГУСТ 2022 ГОДИНА Е 9,1% – ВО ИСТИОТ ПЕРИОД ЛАНИ СТАПКАТА НА ИНФЛАЦИЈА БИЛА 3%

Во најновите податоци објавени од статистичкото тело на Европската Унија, Евростат, се вели дека инфлацијата во еврозоната продолжува да се искачува на рекордно високо ниво. Според најновите информации, годишната инфлација во еврозоната изнесува 9,1%, а во ЕУ до 10,1%.

**Годишната стапка на инфлација во еврозоната во август 2022 година е 9,1% и е повисока во однос на јули, кога беше 8,9%. Една година претходно, стапката била 3,0%. Годишната инфлација на Европската Унија во август 2022 година изнесува 10,1%, повисока од 9,8% во јули. Една година претходно, стапката изнесувала 3,2%, објави Евростат.**

Во августовските пресметки се гледа дека цените на храната, алкохолот и на тутунот, неенергетските индустриски стоки и услугите се зголемени во однос на бројките во јули.

Гледајќи ги главните компоненти на инфлацијата во еврозоната, енергијата има највисока стапка во август (38,6% споредено со 39,6% во јули), проследена со поголемиот раст на храната, алкохолот и на тутунот (10,6% во споредба со 9,8% во јули), потоа неенергетските индустриски добра (5,1% споредено со 4,5% во јули) и услугите (3,8% во споредба со 3,7% во јули). Секоја од главните компоненти придонесува во различен степен врз вкупната инфлација во еврозоната.

**Инфлација, еврозона**
*Извор: Reuters*



## ВО КОИ ЗЕМЈИ ИМА НАЈГОЛЕМ РАСТ НА СТАПКАТА НА ИНФЛАЦИЈА?

Од земјите во еврозоната, најголема стапка на инфлација имаат балтичките земји. И во порастот на цената на енергенсите тие се меѓу првите шест. Една од причините за тоа е што покрај увозот на руски суровини, трите земји трошеа и многу струја од Русија. Затоа откажувањето од увоз од Русија двојно ги погодува.




Талин, Естонија
*Извор: Reuters*

## ЕСТОНИЈА Е ЖАРИШТЕТО НА ИНФЛАЦИЈАТА ВО ЕВРОПА





Во услови на инфлациска бура предизвикана од руската инвазија врз Украина и од долгорочните ефекти од пандемијата, Естонија го има најбрзиот пораст на инфлацијата во еврозоната.

Според најновите податоци од Евростат публикувани за август, стапката на инфлација во оваа земја изнесува 25,2%.

Од 1996 година досега, најмногу се зголемиле цените на храната и на безалкохолните пијалаци. Граѓаните таму од месец во месец доживуваат нови ценовни шокови, а најголем пораст имаат трошоците за домување, електрична и топлинска енергија, облека, транспорт, рекреација и култура, разни стоки и услуги.

## МЕРКИ ПРОТИВ ВИСОКАТА ИНФЛАЦИЈА

Од министерството за финансии на Естонија неодамна најавија дека владата планира мерки за да го намали притисокот од порастот на цените врз домаќинствата. На пример, заработката до 654 евра месечно ќе биде ослободена од данок на доход во споредба со 500 евра претходно. Акцизата за струја и за гориво ќе биде замрзната до април 2024 година. Од субвенциите профитираат домаќинства со ниски примања. Потоа се замрзнаа и цените за гас и за струја.

Веднаш по Естонија, највисоката инфлација има во Латвија. Според последните податоци на Еуростат, оваа земја има стапка на инфлација од 21,4%

Во Латвија, најважна категорија во индексот на потрошувачките цени се храната и безалкохолните пијалаци, домувањето и комуналните услуги, транспортот, алкохолните пијалаци и тутунот, рекреацијата и културата, облеката и обувките, здравјето, разните стоки и услуги.

## МЕРКИ ВО ЛАТВИЈА – АНТИИНФЛАЦИСКИОТ ПЛАН МОЖЕ ДА ВКЛУЧИ ПОНИЗОК ДДВ ЗА ХРАНАТА

Министерството за економија на Латвија во моментов работи на мерки против инфлацијата, вклучително и можноста за намалување на стапката на данокот на додадена вредност за храна и акцизата за гориво. Една од мерките оценети во антиинфлацискиот план е намалување на стапката на ДДВ-то од 21% на 5% за свежата риба и свежото месо, како и за лебот и за млечните производи. Се оценува и примената на намалената стапка на ДДВ-то од 5% за угостителските претпријатија.

Исто така, се смета дека може да се намали акцизата на горивото, како и да се надомести тарифата за дистрибуција на електрична енергија. Латвија на економски слаби домаќинства им плати месечен паушал од 20 евра и ги намали трошоците за дистрибуција на електрична енергија.

## ВО ЛИТВАНИЈА, ПАК, ПОСЛЕДНАТА СТАПКА НА ИНФЛАЦИЈА ИЗНЕСУВА 21,1%

Инфлацијата е главно поттикната од повисоките цени на храната и на енергијата, а тренд на пораст имаат и цените на транспортот.

**Мерки** – Литванија го усвои најголемиот енергетски пакет од трите балтички држави и вториот најголем од земјите во Европа опфатени со статистиката. Речиси две милијарди евра треба да се одлеат во директни олеснувања. Со другата половина, владата треба да поттикне инвестиции во енергетската независност преку обновливи извори на енергија.



Маркет во Литванија
*Извор: The lithuania tribune*

## ПО 13 МЕСЕЦИ, ИНФЛАЦИЈАТА ВО ЧЕШКА ПОЧНА ДА ЗАБАВУВА, НО СЕПАК Е ВИСОКА

По 13 месеци, инфлацијата во Чешка почна да забавува и додека во јули изнесуваше 17,5% во однос на истиот месец од претходната година, во август благо се намали на 17,1%.

Најголемо учество во инфлацијата во однос на истиот период лани му се припишува на порастот на трошоците за енергија и за домување.

**Мерки** – Владата во Чешка предлага да се утврди максимална цена на струјата за домаќинствата и за јавниот сектор, како и за стопанството.

Утврдувањето на максималната цена треба да почне од ноември или најдоцна од јануари 2023 година, а веќе од октомври домаќинствата ќе добијат субвенции од државата за струја и за парно во износ од 625 евра, од кои помал дел ќе бидат платени преку авансни плаќања и сметки во октомври, а поголем во текот на следната година.



**Маркет во Унгарија**
*Извор: Hungary today*

## ВИСОКИ СТАПКИ НА ИНФЛАЦИЈА ВО УНГАРИЈА

Во Унгарија инфлацијата за август, споредена со истиот месец лани, изнесува 18,6%, највисока од мај 1998 година. Инфлацијата во оваа земја се очекува дополнително да се зголеми во наредните месеци.

**Мерки** – Унгарија ги продолжи ограничувањата на цените на горивата и на основните прехранбени производи за три месеци, односно до крајот на годината, во обид да ги заштити домаќинствата од зголемените трошоци. Будимпешта остро ја критикуваше Европската Унија за воведувањето санкции кон Русија, велејќи дека тие не успеале да ја ослабат Москва на смислен начин, а истовремено се предизвикало пораст на цените на храната и на енергијата.

Во комбинација со падот на форинтата на рекордно ниско ниво, зголемените цени ја турнаа инфлацијата во Унгарија на највисоко ниво во последните две децении, принудувајќи ја Националната банка на Унгарија нагло да ја зголеми основната стапка на 11,75%. Од Владата на Унгарија информираа и дека ќе се продолжи ограничувањето на хипотекарните стапки за најмалку уште шест месеци.

## МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ СО НАЈВИСОКА СТАПКА НА ИНФЛАЦИЈА

Последните податоци на Евростат покажуваат дека инфлацијата во август во Македонија изнесува 16,7% и е веднаш зад земјите што имаат највисока стапка на инфлација, а кои сепак имаат далеку подобар стандард од македонскиот.

Најголем придонес за растот на домашната инфлација има порастот на увозните цени на храната и на енергијата, вклучително и на домашната цена на електричната и на топлинската енергија, кои се под влијание на случувањата на глобалниот пазар на енергија.

Македонските граѓани, а и стопанството, не почувствуваа некои сериозни бенефити од мерките на Владата, иако ќе има и нов пакет мерки.

## МАКЕДОНИЈА ИМА И НАЈВИСОКА ИНФЛАЦИЈА СПОРЕДЕНО СО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

| ЗЕМЈА | СТАПКА НА ИФЛАЦИЈА |
|---|---|
| МАКЕДОНИЈА | 16,7 % |
| БУГАРИЈА | 15 % |
| СРБИЈА | 12,8 % |
| ХРВАТСКА | 12,6 % |
| СЛОВЕНИЈА | 11,5 % |
| ГРЦИЈА | 11,2 % |
| АЛБАНИЈА | 8 % |

*Извор: ЕВРОСТАТ*

Ако се анализираат податоците од Евростат, може да се заклучи дека Македонија има највисока инфлација во споредба со земјите од регионот.

На пример, стапката на инфлација во Бугарија за месец август изнесува 15%, во Србија 12,8%, Хрватска 12,6%, Словенија 11,5%, Грција 11,2%. Во Албанија изнесува околу 8%, а во Косово 13%.

# ВО КОИ ЗЕМЈИ ИМА НАЈНИСКА ИНФЛАЦИЈА?

**Швајцарија**, земја што не е член на ЕУ, но е дел од Шенген-зоната, во август регистрира инфлација од 3,3%. Швајцарија е една од најбогатите земји во светот, а економијата на оваа земја важи за една од најстабилните.

**Лихтенштајн**, која е една од најмалите, но и најбогати земји, со висок животен стандард, исто така има една од најниските инфлациски стапки. Оваа минијатурна земја, која е даночна оаза за многу бизниси, има инфлација од само 3,5% за месец август. Лихтенштајн не е формално членка на ЕУ, а и досега нема пројавено желба да стане дел од Унијата.

Ниска инфлација има и во **Исланд**, земја што не е дел од ЕУ, а е членка на Шенген-зоната, и таа изнесува 5,5% за август, во однос на истиот период лани. Норвешка, земја што исто така не е членка на ЕУ има инфлација од 7,1%.

Во делот на земјите-членки на ЕУ, најниски годишни стапки се регистрирани во Франција (6,6%), Малта (7,0%) и Финска (7,9%). Во споредба со јули, инфлацијата падна во дванаесет земји-членки и се зголеми во петнаесет.

| ЗЕМЈА | СТАПКА НА ИНФЛАЦИЈА / АВГУСТ |
|---|---|
| ФРАНЦИЈА | 6,6% |
| МАЛТА | 7% |
| ФИНСКА | 7,9% |
| ЛУКСЕМБУРГ | 8,6% |
| ГЕРМАНИЈА | 8,8% |
| ИРСКА | 9% |

# КАКО СЕ СПРАВУВААТ СО ИНФЛАЦИЈАТА ГЕРМАНИЈА И ФРАНЦИЈА, НАЈМОЌНИТЕ ЕВРОПСКИ

## Германија најави трет пакет помош – 65 милијарди евра за борба против инфлацијата и за преживување на зимата

Германската влада најави пакет од повеќе од 65 милијарди евра за да им помогне на жителите да се справат со зголемените трошоци за енергија и со инфлацијата. Билетите за јавниот превоз ќе поевтинат, пензионерите и студентите ќе добијат парична помош.

Мерките вклучуваат нов, поевтин билет за национален јавен превоз (претходно заврши проектот „Билет за девет евра", кој траеше во текот на летниот период), паушална стапка за пензионерите и за студентите од 300 односно 200 евра за помош во трошоците за енергија, зголемување на бенефициите за оние што не можат да работат и зголемување на месечната сума што ја добиваат родителите за секое дете. Од Нова година детскиот додаток ќе се зголеми за 18 евра месечно за прво и второ дете, и ќе изнесува 237 евра.

Коалициските партии се договорија и за исплата на бонус од 300 евра за вработените, со што ќе се обидат да им помогнат да се справат со поскапувањето на енергенсите.

Владата ќе воведе и пониски цени за основното ниво на потрошувачка на енергија, така што потрошувачите ќе мора да плаќаат повисоки цени само кога ќе ја надминат оваа сума.

Германија, како и другите европски земји, се соочува со долгорочни последици од пандемијата и од економската криза, зголемувањето на цените на енергијата поради руската инвазија на Украина и намалувањето на извозот на руски гас и нафта во Европа.



Инфлација во Франција
*Извор: Reuters*

# ФРАНЦИЈА СО АНТИИНФЛАТОРЕН ПАКЕТ ОД 20 МИЛИЈАРДИ ЕВРА

Франција во ноември минатата година презеде неколку мерки за заштита на куповната моќ на домаќинствата. Замрзнати цени на гасот и на струјата со т.н. „тарифен штит“, исплатен е додаток за инфлација од 100 евра на сите чиј нето-приход е помал од 2.000 евра месечно, енергетски ваучер од 100 евра им е поделен на оние што се во категорија најниски приходи. Попуст од 15 центи за литар гориво на бензинските пумпи е мерка што важи од први април.

Новиот пакет, кој беше одобрен минатиот месец, предвидува 20 милијарди евра за помош на домаќинствата што се борат против зголемените цени на енергијата и на храната.

**„Вашата куповна моќ е наш приоритет“, напиша на Твитер портпаролот на француската влада Оливие Веран. „За да ве заштитиме од инфлација, го задржавме ограничувањето на цената на гасот и на електричната енергија и поставивме ограничување на цените за да го ограничиме зголемувањето на киријата на 3,5%.**

Предлог-законот вклучува и зголемување на пензиите и дел од социјалната помош за 4%. За горивото, сегашниот попуст финансиран од државата ќе се зголеми на 30 центи во септември и октомври. Приватните компании, исто така, се охрабруваат да им понудат на вработените годишен бонус без данок до 6.000 евра.

# ВО ИТАЛИЈА НАЈВИСОКА ИНФЛАЦИЈА ВО ПОСЛЕДНИТЕ 36 ГОДИНИ

Во Италија, инфлацијата измерена во август изнесува 9,1%. Ваква инфлација државата нема забележано од јануари 1986 година.

Новиот пакет помош на државата е вреден 14,3 милијарди евра, чија цел е да ги заштити компаниите и домаќинствата од наглиот пораст на трошоците за енергија и на цените на производите за широка потрошувачка.

Се планира продолжување на постојните мерки насочени кон намалување на сметките за струја и гас за домаќинствата со ниски приходи до четвртиот квартал од оваа година, како и намалување на т.н. давачка за „системски трошоци“. Италијанската влада ќе им исплаќа по 200 евра на оние со ниски и со средни примања

Италија во втората половина од годинава ќе одвои 1,6 милијарди евра за намалување на даночното оптоварување на платите за вработените со годишен приход помал од 35.000 евра, а со цел да се поддржи куповната моќ на постарата популација. Владата ќе ги зголеми пензиите за 2% веќе од четвртиот квартал на 2022 година наместо претходно планираното во јануари 2023 година, што државната каса ќе ја чини околу 2,4 милијарди евра.

Инфлација во Италија
*Извор: Reuters*



## И ВЕЛИКА БРИТАНИЈА СЕ СООЧУВА СО ИНФЛАЦИЈА НАЈВИСОКА ВО ИЗМИНАТИТЕ 40 ГОДИНИ




**Инфлација во Велика Британија**
*Извор: AFP*

Британците се соочуваат со највисока стапка на инфлација во измнинатите 40 години. Трошоците за живот се зголемуваат со речиси најбрзата стапка, а главно се поттикнати од зголемените трошоци за храна и горивата. Цените во август беа за 9, 9% повисоки отколку пред 12 месеци. Сепак по владиното соопштение за сметките за енергија, инфлацијата нема да достигне врв како што беше претходно прогнозирано.

Гувернерот на Банката на Англија, Ендрју Бејли, рече дека „рускиот шок сега е најголемиот придонесувач за инфлацијата во Обединетото Кралство". Но, економистите се согласуваат дека има многу други фактори.

Банката на Англија ги зголеми каматните стапки пет пати од декември 2021 година во обид да ја запре растечката инфлација и да спречи таа да се вкорени во британската економија.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ТУРЦИЈА СО ИНФЛАЦИЈА ОД НАД 80%



**Инфлација во Турција**
*Извор: AFP*

И додека западните земји се тркалаат со највисока инфлација доживеана во последните децении, Турција се соочува со стапка на инфлација речиси десет пати повисока. Според податоците на Евростат за август, измерената инфлација во Турција изнесува 80,1%.

Главниот начин на кој владите ја намалуваат растечката инфлација е со зголемување на каматните стапки, што го одвраќа задолжувањето и трошењето, но Турската централна банка го прави токму спротивното.

Турскиот претседател инсистира дека заострувањето на монетарната политика со зголемување на каматните стапки не е рецепт за намалување на инфлацијата, поради што Турската централна банка ја намали основната каматна стапка пет пати по ред во минатата година и во претходната година, што моментално изнесува 14 проценти.

Независните стручњаци сметаат дека е инфлацијата многу повисока од официјалните податоци. Економистите, исто така, оценуваат дека порастот на инфлацијата е предизвикан од уверувањето на претседателот Реџеп Таип Ердоган, и покрај утврдената економска теорија, дека до инфлација доведува високата цена на задолжување.

**На крај, светските економисти констатираат дека ерата на постојано растечки цени можеби е завршена, но високата инфлација веројатно ќе остане наоколу уште некое време.**




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент


UNWTO

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC